# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.,,7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК



| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **04. 12 .2014 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 11 – 2014 год.** |



ДЕКЕМВРИ 2014

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02 и член 9 и 10 од Законот за јавни претпријатија (Сл.весник на РМ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14 и 138/14), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За основање на Јавно претпријатие ”Комунална хигиена”- Македонски Брод**

**Член 1**

Советот на општина Македонски Брод со овој акт врши основање на Јавно претпријатие ”Комунална хигиена”-Македонски Брод заради вршење на комунални дејности од јавен интерес за потребите на граѓаните на општина Македонски Брод.

**Член 2**

Називот на јавното претпријатие гласи: Јавно претпријатие ”Комунална Хигиена”-Македонски Брод(во натамошниот текст:Претпријатие).

Скратениот назив на Претпријатието гласи ЈП ”Комунална Хигиена”-Македонски Брод.

**Член 3**

Седиштето на Претпријатието е во Македонски Брод на улица ”Партизанска ” бр.10.

**Член 4**

Претпријатието има својство на правно лице.

Својство на правно лице Претпријатието ќе стекне од моментот на упис во трговскиот регистар.

**Член 5**

Претпријатието за преземените обврски во правниот промет спрема трети лица одговара со целиот имот.

**Член 6**

Дејноста на претпријатието ке биде:

38.1 –Собирање на отпад

38.11-Собирање на безопасен отпад

38.2- Обработка и отстранување на отпад

38.21- Обработка и отстранување на безопасен отпад

81-Услуги поврзани со одржување на згради и дејности на уредување и одржување на животната средина и природата

81.2- Дејности на чистење

81.29- Останати услуги на чистење,неспомнати на друго место

81.30 Услужни дејности на уредување и одржување на животната средина и природата под што се подразбира уредување и одржување на паркови и зеленило во општина Македонски Брод.

Приоритетна дејност е 38.11- Собирање на безопасен отпад

**Член 7**

Претпријатието не може да врши промена на името,седиштето и дејноста без согласност на Основачот.

**Член 8**

Износот на средства за основањето на Претпријатието ги обезбедува општина Македоснки Брод како основачки влог.

Износот на основачкиот влог се состои во материјални средства во сопственост на општина Македонски Брод чија вредност ке биде утврдена по проценка од овластен проценител која е составен дел на оваа одлука.

Основачкиот влог Основачот-Советот на општина Македонски Брод го пренесува на ЈП ”Комунална Хигиена” со соодветни одлуки во постапка,согласно законот.

**Член 9**

Претпријатието е во сопственост на Општина Македонски Брод

**Член 10**

Вршењето на дејноста од член 1 на оваа Одлука се обезбедени од средствата што ќе се остварат преку цената на услугата, од средствата на буџетот на основачот како и од други средства согласно закон.

**Член 11**

Органи на Претпријатието се Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјачно-финансиското работење(во натамошниот текст:надзорен одбор) и директор.

**Член 12**

Управниот одбор на Претпријатието се состои од 5(пет)члена, кои ги именува и разрешува Советот на општина Македонски Брод со мандат од 4 години.

**Член 13**

Надзорниот одбор на претпријатието се состои од 5(пет) члена кои ги именува и разрешува Советот на општина Македонски Брод со мандат од 4 години.

**Член 14**

Со работата на Претпријатието раководи директор што го избира и разрешува Градоначалникот на општина Македонски Брод, врз основа на јавен конкурс.

Директорот го застапува и претставува Претпријатието.

**Член 15**

Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на органите на Претпријатието се утврдени со Статут, во согласност со закон.

**Член 16**

Лицето дипл.правник Зоре Трпески се именува да ги врши работите на Претпријатието до неговото конституирање.

**Член 17**

Рокот за донесување на статутот и именувањето на органите на управување на Претпријатието изнесува 60 дена од влегувањето во сила на овој акт.

**Член 18**

ЈП ”Комунална хигиена” – Македонски Брод е должно на регистарскиот суд да му ги достави статутот , актот за именување на членови на управниот и надзорниот одбор, како и доказ за именување на директор на Претпријатието, во рок од 30 дена од истекот на рокот предвиден во точка 17, за донесување на статутот именувањето на органите на Претпријатието, со пријава за упис на новите факти и промени на лицето овластено за застапување на Претпријатието.

**Член 19**

Со оваа одлука престанува да важи одлуката за ”Основање на Јавно претпријатие заради вршење дејност од јавен карактер во општина Македонски Брод”бр.07-708/3 од 26.09.2014 година.

**Член 20**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07 – 889 / 3**
**27.11.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за основање на Јавно претпријатие заради вршење на дејност од јавен карактер во општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за основање на Јавно претпријатие заради вршење на дејност од јавен карактер во општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08 - 889 /3/1**
**04 .12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**
Милосим Војнески с.р

Врз основа на акционот план за чистење на речните корита во општина Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година ја донесе следната:

# О д л у к а

**За употреба на останатата количина од донираните 7000 литри нафта од Министерство за животна средина за чистење на речното корито, за чистење на каналот Лоштица**

1.Советот на општина Македонски Брод донесе одлука со која се утврдува остатокот од донираната нафта на општината да се употреби за чистење на каналот Лоштица.

2.За оваа работа да се задолжи ЈП,,Водовод и канализација,,- М.Брод кој како надомест ќе добие нафта со која дел ќе ги покрие трошоците за извршување на работава, а дел како награда за завршената работа .

3.Градиначалникот ќе овласти лице за надзор, кое ќе врши контрола на извршувањето на работата.

4.Оваа одлука влегува во сила осмит ден од денот на објавувањето во Сл.Гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07 - 889 / 4**
**27.11 .2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за останатата количина од донираните 7000 литри нафта од Министерството за животна средина за чистење на речното корито, за чистење на каналот Лоштица**

Се прогласува **Одлуката за останатата количина од донираните 7000 литри нафта од Министерството за животна средина за чистење на речното корито, за чистење на каналот Лоштица** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/4/1**
**04.12.2014година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 ноември 2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Програма за работа на ОУ Дом на**

**културата за 2015 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Програма за работа на ОУ Дом на култура –Македонски Брод за 2015година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Број 07- 889/5**
**27.11.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 88 став 4 од Изборниот законик „(Сл.весник на РМ“ бр.40/06,136/08,44/11,51/11,142/12,31/13,34/13 и 14/14),член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02),и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) а во врска со член 4,5,8,11,13 и 18 од Правилникот за надоместокот на членовите на општинските изборни комисии,изборната комисија на град скопје и избирачките одбори за спроведување на Локалните изботи 2013 година за избор на членови на Советите на општините и Советот на град Скопје и за избор на Градоначалници и Градоначалник на град Скопје бр.02-1642/1 од 29.04.2013 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година, донесе

# О Д Л У К А

## За определување на надоместокот за членовите за Општинската изборна комисија Македонски Брод и Избирачките одбори за Локалните избори 2013 година

### Член 1

На членовите на Општинската изборна комисија им се определува следниот надоместок:

- на Претседателот му се определува надоместок во висина од 16.000,00 денари
- на зам. Претседателот му се определува надоместок во висина од 14.000,00 денари
- на секретарот му се определува надоместок во висина од 14.000,00 денари
- на зам.секретар му се определува надоместок во висина од 7.000,00 денари
- на членовите им се определува надоместок во висина од 12.000,00 денари
- на зам.членовите им се определува надоместок во висина од 6.000,00 денари

### Член 2

На членовите на избирачките одбори им се определува следниот надоместок:

- на претседателот му се определува надоместок во висина од 1.500,00 денари
- на зам.претесдател му се определува надоместок во висина од 1.250,00 денари
- на членовите им се определува надоместок во висина од 1.000,00 денари
- на зам.членовите им се определува надоместок во висина од 850,00 денари

**Член 3**

Надоместокот од членовите 1 и 2 од оваа Одлука ќе се исплати поединачно на секој член на Општинската изборна комисија и Избирачките одбори на трансакциска сметка.

Сретствата за исплата на надоместокот определен во став 1 од овој член ќе се исплатат од Буџетот на Општина Македонски Брод.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука е списокот на членови на општинската Изборна комисија и избирачките одбори со име и презиме,функција и број на трансакциска сметка.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 07- 889/ 6**
**27.11. 2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлуката за определување на надоместокот за членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод и Избирачките одбори на Локалните избори 2013 гдоина**

Се прогласува **Одлуката за определување на надоместокот за членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод и Избирачките одбори на Локалните избори 2013 година** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/6/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член член 50-а ст.1 и 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.51/05, бр.137/07, бр.91/09, бр.124/10, бр.18/11, бр.53/11, бр.144/12, бр.55/13, бр.163/13 и бр.42/14), член 22 став 1 и точките 1 и 4 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа на РМ (Сл.весник на РМ бр.05/02), и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03), Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11. 2014 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс за експлоатација на минерални суровини-варовник на локалитетот „Папрадиште“ и „Ѓуров Камен“ општина Македонски Брод**

1.Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација (во понатамошен текст:ЛУПД), за експлоатација на минерални суровини ,варовник-доломит и изградба на помошни објекти на КП бр.454 дел,460 дел,441,442 и 453 дел и 452 дел за КО Драговдол, на локалитет „Папрадиште“ и „Ѓуров Камен“ општина Македонски Брод, за потребите на „ПЕЛА-ТРАНС“- ДООЕЛ од с.Мажучиште за формирање на градежна парцела:Г-2 лесна и незагадувачка индустрија за изградба на стопански комплекс за експлоатација на минерални суровини -варовник.

2. „ПЕЛА-ТРАНС“-ДООЕЛ од с.Мажучиште да изработи Локална урбанистичката планска документација за изградба на стопански комплекс за експлоатација минерални суровини -варовник.

3.Трошоците во постапката да ги сноси барателот.

4.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

**Бр. 07 – 889 / 7**
**27.11.2014 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс за експлоатација на минарални суровини-варовник на локалитетот „Папрадиште„ и „„Ѓуров камен„ Општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс за експлоатација на минарални суровини-варовник на локалитетот „Папрадиште„ и „Ѓуров камен„ Општина Македонски Брод** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/7/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ 2/03) на седница одржана на ден 27.11.2014 година, донесе

# **О Д Л У К А**

## **ЗА ОСНОВАЊЕ НА СОВЕТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува основањето на Советот на млади на општина Македонски Брод ( во натамошниот текст Совет на млади), делокруг на работа, постапка за избор на членовите на советот и други прашања од значење за работата на Совет на млади.

**Член 2**

Советот на млади е советодавно тело на на Советот на општина Македонски Брод кој се основа со цел активно вклучување на младите во јавниот живот на општина Македонски Брод.

**Член 3**

Советот на млади го сочинуваат пет члена.

Членовите на Советот на млади се избираат на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Советот на млади од своите редови избира претседател на советот, со мандат од четири години без можност за повторен избор.

Претседателот го застапува и претставува Советот на млади.

Претседателот на Советот на млади ги свикува и раководи со седниците на Советот на млади во општината, се грижи за организацијата и работата на Советот на млади.

**Член 4**

Советот на млади во општината ги врши следните работи:

-разгледува прашања кои се важни за работата на Советот на млади;

-донесува Деловник за работа на Советот на млади;

-го избира и разрешува претседателот на Советот на млади;

-учествува во работата на Младинскиот парламент и именува свој член во истиот;

-поднесува предлози до Советот на општина Македонски Брод за идентификувани проблеми на младите на локално ниво и начини за нивно можно решавање;

-поднесува предлози до Советот на општина Македонски Брод за донесување одлуки, програми и други акти за подобрување на состојбата на младите на локално ниво;

-дава мислење по одлуки, програми и други акти кои се од надлежност на Советот на општина Македонски Брод, а кои ги засегаат младите на локално ниво;

-изработува извештаи до надлежните органи за програмите на младите, а по потреба предлага и донесува Програма за решавање на проблемите, со цел подобрување на состојбата на младите на локално ниво;

-предлага мерки за остварување и спроведување на одлуки и програми за грижа на млади;

- организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;

-информира и промовира за активностите на Советот на млади;

-поттикнува соработка со младински организации од други градови на Република Македонија и

-врши други работи.

**Член 5**

Советот на млади одржува редовни седници најмалку еднаш во последните три месеци.

Седниците ги свикува и со нив претседава претседателот на советот .

Претседателот на советот на млади е должен да свика вонредна седница на предлог на најмалку двајца членови.

Седниците се јавни.

**Член 6**

Советот на млади одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

**Член7**

Начинот на работа на Советот на млади поблиску се утврдува со Деловник за работа на Советот на млади .

Деловникот се усвојува со мнозинство гласови на членовите на советот.

**Член8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр.07 - 889 / 8**

**27.11.2014 година**

**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за основање на Совет на млади на Општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за основање на Совет на млади на Општина Македонски Брод** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/8/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36, став1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М бр.5/02),член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Службен весник на Р.М бр.61/04,96/04,67/07,156/09 и 47/11) и член 21 точка 4 од Статутот на општина Македонски Брод ( Службен весник на општина Македонски Брод бр.), Советот на општина Македонски Брод на седница одржана на 27.11.2014 година донесе

# ОДЛУКА

## За измена и дополна на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2014 год

### Член 1

**Во одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод бр.07-800/3 од 28.10.2014 год се менува член 33 и истиот гласи.**

### Член 2

**Со влегување во сила на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2014 год бр . 07 – 800/3 од 28.10.2014 год престнуваат да важат, Одлуката за извршување на Буџетот на општина М. Брод за 2014 год бр. 07- 999/3 од 27.12.2013 год год и Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина М.Брод за 2014 год бр. 07- 101/3 од 30.01.2014 год.**

### Член 3

**Членот 33 станува член 34.**

### Член 4

**Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во Службен гласник на општина Македонски Брод.**

**Совет на општина Македонски Брод**

**БР. 07-889/9**
**27.11.2014 год.**

**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот за 2014 година и изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2014 година**

Се прогласува **Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот за 2014 година и изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2014 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08 - 889 /9/1**
**04 .12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

# *ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

# *П Р О Г Р А М А*

## *ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА*

*Ноември 2014г.*

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота(Службен весник на РМ бр 111/08), член 22 точка 4 и член 36 од Законот за локалната самоуправа(Сл.весник на РМ бр. 05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл. Гласник бр.02/03) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27.11.2014 година, ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
# за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод
# за 2015 година

## I.Вовед

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2015 година и тоа:

- Вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување, динамиката, начинот на вршење на работите ,одржувањето и обезбедувањето на јавни санитарни јазли и поставувањето на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Одржувањето на јавната чистота е во зависност од **:**

- густина на населеност
- фрекфенција на луѓе и моторни возила
- степен на нечистотија
- степен на пречки( паркирани возила и друго)
- инфраструктурните сообраќајни услови
- делувањето на градежната оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од **:**

- Машинско и рачно метење и миење на улиците како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота,
-Празнење на уличните корпи за отпад кои ќе се постават во поширокото централно градско подрачје;
- Одржување на јавните површини во зимски услови.

## II.Одржувањето на јавната чистота ќе го вршат дежурни метачи.

Дежурните метачи ќе вршат рачно метење во поширокото централно градско подрачје, односно на:

- ул.”Маршал Тито” од погонот на поранешната фабрика за електроматеријали се´ до мостот на реката Треска,
- ул. “Партизанска”,
- тротоарите,
- плоштадот,
- патеката покрај кејот на реката Треска,
- спомен паркот и фонтаната како и празнење на уличните корпи за отпад и уличните пепељари и тоа од 7до15 часот пет дена во седмицата.

-Еднаш неделно на градскиот пазар (петок),

-Редовно одржување на детските и спортските игралишта.
-Одржување на фудбалскиот стадион по потреба
-Одржување на јавната чистота кај локалитетот Пешна по потреба
-Одржување на јавната чистота, урбаната опрема и обезбедување на услови за безбедно движење на посетителите по патеката кон пештерата Пешна –еднаш месечно

-Чистењето на одводните канали и сливниците за атмосферски води ќе се врши по потреба или еднаш месечно
- Одржување на јавната чистота на скалите кои водат до турбето

Периферните делови на градот ќе бидат поделени на три реони и нивното чистење ќе биде два пати седмично.

**Реон I** ( населба Расадник) ги опфаќа следните улици и нивното чистење ќе се врши во понеделник и четврток:

ул.”15 –Бригада”
ул.” Мирче Ацев”
ул. “Јане Сандански”
ул.”Поречка”
ул.”Михајло Пупин”
ул.”Песјак”

**Реон II** (населба Кале ) ги опфаќа следните улици и чистењето ќе се врши во вторник и петок:

ул”Илинденска”
ул.”Васко Карангелески”
ул.”Димитар Влахов”
ул.”7-ми Септември”
ул.”Кузман Јосифовски –Питу”
ул.”8 –ми Септември”

**Реон III** (Нова населба) ги опфаќа следните улици и чистењето ќе се врши во среда и сабота:

ул.”Илија Игески”
ул.”Кирил и Методиј”
ул.”11 –ти Октомври”
ул.”Ѓорче Петров”
ул.”Душан Митрески”
ул.„Козара“
ул.„Сутјеска“
ул.”Браќа Миладиновци”
ул.”Крушевска Република”
ул “Пролетерска”
ул.”Кочо Рацин”
ул.”4 –ти Јули”

ул.”Првомајска”
ул.”Никола Карев”
ул.”Даме Груев”
ул.”Вук Караџиќ”
ул.”Сава Ковачевиќ”
ул.”25 –ти Мај”
ул.”Ѓуро Ѓаковиќ”
ул “Иво Лола Рибар”
ул.”Пере Тошев”
ул”.Ленинова”
ул.”Гоце Делчев”
ул.”Питу Гули”
ул.”Страшо Пинџур”
ул.”Јуриј Гагарин”
ул.”Сремски фронт”
ул.”Руѓер Бошковиќ”
ул.„Неретва“
ул.„Цветан Димов“
ул.„Григор Прличев“
ул.„Орце Николов“

Миењето на улиците ќе се врши во летниот период и тоа во ноќните часови почнувајќи од месец Јуни па се до крајот на месец Септември. Интензитетот на миењето ќе биде еднаш месечно во поширокото централно градско подрачје и периодично во периферните делови на градот. За таа цел ќе биде ставена во употреба една цистерна.

Во летниот период, во време кога има бујна вегетација покрај тротоарите на улиците, особено на главните улици, ул.„Маршал Тито“ и „Партизанска“, како и патеката покрај кејот на реката Треска, ЈП ќе ги коси тревнатите површини и ќе обезбедува непречено и безбедно движење по истите. За таа цел потребно е да набави две косачици т.н стилки (кои може да се користат не само за косење туку и за кастрење и се достапни на секое место.)

ЈП "Водовод и канализација" се задолжува да ги чисти и одржува безбедни за игра на децата, детските игралишта (сите три) два пати месечно.

Во зимскиот период, во услови на снег, дежурните метачи ќе работат на рачно чистење на снегот од тротоарите, пешачките патеки (покрај кејот и патеката што води до пештерата Пешна) и плоштадот како и ослободување на сливниците за нормално функционирање на атмосферската канализација.

Исто така ќе се врши посипување со индустриска сол, машински и рачно. Посипувањето со сол да се врши и пред главните влезови на јавните установи.

Чистењето на јавните објекти, дворните површини, колективни и индивидуални објекти, покрај редовното ќе се врши и вонредно со организирани акции два пати годишно и тоа еднаш напролет и еднаш наесен, со претходно известување во медиумите. На тој начин на граѓаните и институциите во општината ќе им се овозможи да ги исчистат своите подруми и дворни места.

Чистењето на јавните површини после јавни манифестации,собири и други масовни собирања ќе се врши од страна на ЈП по претходен договор со организаторот на истите.

Јавните површини кои по поројните врнежи се прекриени со наноси од песок и друг материјал ќе се чистат веднаш по престанувањето на врнежите и се со приоритет пред другите активности.

Во населените места Суводол, Девич, Манастирец, Требино и Самоков ќе се врши чистење на центарот и главната влезна улица два пати месечно.

ЈП "Водовод и канализација" – Македонски Брод се задолжува да го одржува водоводот во с.Ижиште и с.Ореовец и да го собира сметот во с.Ижиште и с.Ореовец.

Во текот на 2015 година покрај редовните активности се планираат и низа други активности во соработка со еколошкото друштво “ТРЕСКА”, а една од активностите ќе биде и едуцирање на граѓаните и поттикнување на примарна селекција на отпад. За таа цел ќе се прават напори да се зголеми бројот на контејнери за селекција на пластичниот и картонскиот отпад.

**III.Поставување садови за отпад и јавни санитарни јазли**

Согласно Законот за јавна чистота ќе се продолжи со поставување на улични корпи за отпад, почнувајќи од централното градско подрачје кон периферните делови на градот, особено на пофрекфентните места во градот (пред училиштата, кај детските игралишта, кај болницата и на сл.места)

Поставување на контејнери да се реализира и во следните населени места: Суводол, Девич, Манастирец, Требино и Самоков.

За одржување на јавната чистота меѓу другото да се изградат и јавни санитарни јазли, кои во моментот ги нема.

**IV.Чистење на диви депонии**

Физичкиот обем на работите и локалитетите се одредува месечно, според согледувањата на терен, од страна на Секторот за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и животна средина. Исчистените диви депонии се потврдуваат со месечен преглед доставен од страна на Јавното претпријатие, а се одобруваат од Секторот за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и животна средина.

**V.Финансиски средства**

Потребните финансиски средства за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Македонски Брод се обезбедуваат од цената на услугата за изнесување на смет, согласно Одлуката за одржување на јавната чистота **(**бр.07-980/12 од 30.11.2011)**,** а се предвидени средства во буџетот на Општина Македонски Брод за 2015 година во висина од 3. 100 000 денари.

Вонредните, зголемени активности за чистење на јавните површини, поради организирани собири и манифестации, се изведуваат по налог на Секторот за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и животна средина и се финансираат од страна на организаторот, согласно Ценовникот за вршење на дополнителни услуги.

**VI.Извршител на Програмата**

Општина Македонски Брод го задолжува ЈП "Водовод и канализација" – Македонски Брод за извршување на активностите предвидени со оваа Програма.

ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод, се задолжува да изготви годишна програма за работа во која ќе бидат содржани вкупните површини, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

**VII.Надзор над извршување на Програмата**

Надзор над извршувањето на Програмата согласно Законот за јавна чистота врши надлежниот општински орган - Сектор за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и животна средина.

Инспекциски надзор над извршувањето на Програмата врши комуналниот инспектор и инспекторот за животна средина на Општина Македонски Брод.

**VIII.Завршна одредба**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Македонски Брод."

**Бр.07- 889 / 10**
**27.11.2014година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за одржување на јавна чистота во општина Македонски Брод за 2015 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за одржување на јавна чистота во општина Македонски Брод за 2015 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/10/1**
**04.12.2014година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

*ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

# ***П Р О Г Р А М А***

## ***ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015ГОДИНА***

*Ноември,2014г.*

Врз основа на чл.22 став1 т.4 член 36 став 1 точка 6 и член 62ст.1т.6 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а в.в. со член 34 од Законот за јавните патишта (Сл.весник на РМ бр.84/2008), член 34 и член 35 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 93/2012 – пречистен текст) и член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 .11.2014 година, донесе:

# ПРОГРАМА

## за зимско одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2015 година

### 1.ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдува приоритетот ,начинот на извршување и превземање на обврски за извршување на работите за зимско одржување на улиците и локалните патиштата во населените места во Општина Македонски Брод за безбедно и непречено одвивање на сообраќајот на локалните улици и патиштата во Општина Македонски Брод .

### 2.АКТИВНОСТИ

**2.1.**Имајќи го предвид интензитетот на сообраќајот на локалните улици и патишта на подрачјето на Општина Македонски Брод се распоредуваат во две приоритетни групи и вонредна приоритетна група.

**1.Во првата приоритетна група** – влегуваат регионалните патишта и главните собирни улици во градот и локалните патишта до населените места со асфалтен коловоз.

**2. Во втората приоритетна група** – влегуваат сите останати улици во градот и локалните патишта во општината Македонски Брод.

**3.Вонредна приоритетна група** – Во колку на одредени улици во градот или населените места е загрозен животот или здравјето на населението или материјалните добра ,се пристапува кон вонредно расчистување на приодите до загрозените лица и дистрибуирање на потребната помош.(Ова се прави по проценка и наредба на градоначалникот на општината,односно на општинскиот штаб за заштита и спасување со негово ангажирање)

**2.2.**Составен дел на оваа Програма ќе биде списокот на улици во градот и локалните патишта во Општина Македонски Брод со утврден приоритет за зимско одржување, согласно член 2 од оваа Програма.

Зимското одржување на улици и патишта ќе се врши согласно утврдениот приоритет по оваа Програма и тоа на следниов начин:

- Во случај на голомразица и после чистење на снег ќе се врши посипување на коловозот со мешавина од индустриска сол и камен ситнеж;
- Во случај на снежни врнежи чистењето на снегот од коловозот ќе се чисти со соодветна механизација,а на јавните прометни површини и премини каде не гравитираат станбени ,деловни и други административни јавни објекти чистењето ќе се врши рачно;
- На јавните прометни пешачки површини на кои гравитираат станбени ,деловни ,административни и други јавни објекти ( училишта,амбуланта) , се задолжуваат граѓаните односно правните лица кои се сопственици или корисници на истите сами да го извршат чистењето на снегот;
- Во случај на снежни врнежи поголеми од 30 см, Општина Македонски Брод ќе ангажира и дополнителна механизација од други субјекти со кои ќе се договори, а воедно и ќе соработува со ПО на ДЗС и Регионалниот центар за управување со кризи, во насока на превземање понатамошни активности за расчистување на таквите снежни врнежи за благовремено решавање на проблемите настанати од таквите состојби.
- Чистењето на снегот од коловозот на улиците и локалните патишта ќе се врши редовно, со обезбедување на потребна минимална ширина на очистен коловоз,а по целата должина на истите.
- Чистењето на снегот започнува со почетокот на врнежите ,најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи и трае до целосно расчистување. При таквата активност доколку се јави потреба на определени улици ,во соработка со сообраќајната полиција може да се направи времено прекинување на сообраќајот се додека не се обезбедат минимални услови за одвивање на истиот
- При снежни врнежи сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните површини, со што непречено ќе се обезбеди движењето.

**2.3.**Работите на зимското одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод ќе ги врши ЈП "Водовод и канализација" од М.Брод ,согласно Програмата за зимско одржување на улици и локални патишта.

**3.НАДЗОР НАД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА**

Надзор над спроведувањето на активностите предвидени со оваа Програма ќе врши стручна служба составена од вработени во Општина Македонски Брод во соработка со Подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во Македонски Брод и ПО од ДЗС во Македонски Брод .

**4. ФИНАНСИРАЊЕ**

Општина Македонски Брод во буџетот за 2015 година ќе предвиди финансиски средства за реализација на активностите од оваа Програма.

**5.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за зимско одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2015 може да се измени и дополни согласно законските одредби, условите и можностите.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07 – 889/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**27 .11.2014 година** **Претседател,**

**Македонски Брод** **Дарко Трајкоски с.р.**

**Список на улици во градот и локални патишта во Општина Македонски Брод со утврден приоритет за зимско одржување**

**1.Во Прва приоритетна група на улици влегуваат:**

- Улица Маршал Тито со кракот што води до трите станбени згради и делот на регионалниот пат со уредно формиран тротоар ( коловозната површина ја одржува ЈП "Македонија пат" а, површината под тротоар општината )

- ул. "Партизанска"

- ул. "Илија Игески Цветан"

- ул."Кирил Методиј"

- ул."Мирче Ацев"

- ул."Вук Караџиќ"

- ул."Димитар Влахов"до спојот со ул."Илинденска"

- ул."Пролетерска"

- ул."7 – ми Септември" до пресекот со ул."Илинденска"

- ул."Првомајска"

- ул."Неретва"

- ул."Душан Митрески"

- ул."Крушевска Република"

- ул."Иво Лола – Рибар"

- ул."Кочо Рацин"

и сите локални патишта со асфалтиран коловоз.

**2.Во втората група на улици и локални патишта за зимско одржување влегуваат сите останати улици во градот и останатите локални патишта.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за зимско одржување на улици и локални патишта во општина Македонски Брод за 2015 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за зимско одржување на улици и локални патишта во општина Македонски Брод за 2015 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/11/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

## *ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

# *П Р О Г Р А М А*

## *ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА*

*Ноември, 2014*

Врз основа на член 22 став 1 и точките 1 и 4 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа на РМ (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03),Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27.11.2014 година,ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2015 година**

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Согласно надлежностите произлезени од Законот за локална самоуправа,Општина Македонски Брод ја изготви Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на Општина Македонски Брод.

Со оваа програма се планираат активностите на општината Македонски Брод за изградба,реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на подрачјето на општината Македонски Брод за 2015 година.

При изготвување на програмата се има во предвид дореализацијата на планираните активности од 2014 година,постојната состојба на инфраструктурата, барањата на месните заедници и граѓаните,согледувањата на општинската администрација и можностите за обезбедување на финаснсиски средства.

## 2.АКТИВНОСТИ

### 1. Модернизација на локалната патна мрежа во општината

Согласно Програмата на Владата на РМ за рехабилитација и реконструкција на локалната патна мрежа финансирана со заем од страна на Европска банка за обнова и развој за општината Македонски Брод со определените средства за оваа активност ќе се изврши:

-Доизградба на локален патен правец Мала река-с.Калуѓерец (втора фаза)

Согласно Програмата на Владата на РМ за изградба на локални патишта за 2015 година предвидени се средства од **625.000,00 евра** и опфатени се следните патни правци:

-Локален патен правец Р104-с.Звечан

-Локален патен правец с.Заград – с.Волче

За 2015 година со нови барања за финансиска поддршка од Агенцијата за рурален развој се планира да се обезбедат средства за следните локални патни правци :

1.Довршување на делница од локалниот патен правец с.Слатина – с.Г.Крушје во должина од 1900 м .

2.Изградба- модернизација на локалниот патен правец од мост на езеро „Козјак“ – с.Близанско

3.Доасфалтирање на локалниот пат од н.м. Василковци до Томино Село

4.Доасфалтирање на локалниот пат Р1104 – с.Косово

5.Изградба- модернизација на локален пат Р1104-с.Могилец преку с.Лаг

6.Изградба на локален пат с.Модришта – с.Вир

**2.Изградба –модернизација и реконструкција на следниве улици:**

-Ул.„Илинденска“ – крак 2 и 3
-Ул.„7-ми Септември“крак споменик
-Ул.„ М.Пупин - крак “
-Ул.„Даме Груев“ – крак
-Ул.„Ѓорче Петров“ - крак
-Изградба на пешачка улица – крак ул.„Маршал Тито“кон градски стадион
-Изградба на пешачка улица од ул. „Партизанска“ до ул.„15-та Бригада“
-Изградба на пешачка улица од ул. „Ѓ.Ѓаковиќ“ до ул.„Илија И. Цветан“
-Изградба на пешачка улица крак од ул. „Мирче Ацев“
-Рехабилитација (реконструкција) на ул.„Партизанска“
-Изградба на тротоар од десната страна на ул. Илија Игески Цветан по должината од храмот Св. Богородица па надолу
-Изградба на тротоари на ул.„Маршал Тито“ и ул.„Партизанска“
-Доизградба на улици во нас. „Сувенир“ Самоков
- Изградба на улици во село Суви дол во должина од 1км
-Набавка и поставување на сообраќајни знаци на улици и локални патишта.
-Изградба на слободен паркинг простор
-Тампонирање на улици во селски населени места по барања на МЗ

Износот на предвидените средства за оваа активност е **20.000.000 денари**.

**3.Изработка на проектна документација**

-За изработка на проектна документација и ревизии за локални патишта и улици се предвидуваат средства во износ од ..........................................................**700.000,00 денари.**

1.Основни проекти за изградба на транзитна улица од мост „Алкалоид“ до градски гробишта

2.Основен проект за ул.„Даме Груев“ – крак

3.Сообраќаен проект за вертикална и хоризонтална сигнализација во М.Брод

4.Основен проект за локален патен правец с.Брест –Близанско

5.Основен проект за рехабилитација на ул.„Партизанска“

6.Основен проект за слободен паркинг простор.

7.Основен проект за пешачки мост на река Треска кој ги поврзува плоштадот со улица „Партизанска“.

8.Основен проект за улица за с.Брест

9.Основен проект за улици во с.Сувидол

10.Основен проект за улици во с. Сушица

11.Основен проект за улици во туристичка населба Близанско

12.Основен проект за изградба на локален пат за с.Бенче

13.Основен проект за реконструкција и ревитализација ( нов асфалтен слој) на локален пат за с.Сланско

## 4. Изградба на плочести пропусти и мостови

Во Програмата за 2014 година планирано беше да се изградат мостови и истите се предвидуваат и во оваа Програма и тоа:

-пешачки мост на реката Треска кој ги поврзува плоштадот со улица „Партизанска“
предвидени средства.......................................................................1.500.000
-пешачки мост во с. Белица во износ од ......................................... 250.000
-реконструкција на мост за с.Крапа..................................................120.000
-пешачки мост во с.Самоков од спортски центар до нас.Сувенир...150.000
-пешачки мост на река Волчица – Долни Растеш..............................150.000
-изградба на 2 плочести пропусти во с.Сувидол. . . . . . . . . . . . . . . . 600.000
-Санација на оштетени делови од огради на мостови од локални патишта и фарбање. . . . . . . . . . . . . . . . ........................................................................200.000

**Вкупно: ........................................................................................3.720.000 денари**

**5.Одржување на локални патишта улици и јавни површини**

-Тековно и инвестиционо одржување на локални патишта и улици (крпење на ударни дупки, чистење на сливници , канавки, банкини и риголи, миење на улици и одржување на паркови и зеленило)............................................................................... 3.000.000 ден

- Санирање на постојните улици, усогласување на нивелетата со постојните шахти.................................................................................................................. 200.000ден.

- Реновирање на оштетените делови на каналот на улиците „Илија Игески Цветан“ и „Партизанска“...........................................................................................30.000ден.

- Санирање-асфалтирање на делови од улици оштетени при реконструкција водоводната и канализационата мрежа во населба „Кале“ во М.Брод . . . . . . . . ....
..................................................................................................................600.000 ден.

**Вкупно предвидени средства за овие активности.......................................... 3.830.000 ден**

**6.Динамика на извршување на програмата**

Динамиката ќе се одвива согласно приходите на буџетот на општината М.Брод во текот на календарската година
Се овластува градоначалникот да ја реализира оваа програма согласно приходите во текот на 2015 год.

## 7.ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа програма во текот на календарската година може да се изменува и дополнува согласно барањата и потребите на граѓаните.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07- 889/12**
**27.11.2014 година**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ДАРКО ТРАЈКОСКИ.с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за изградба, реконструкција одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Македонски Брод за 2015 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Македонски Брод за 2015 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/12/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

***ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД***

# *П Р О Г Р А М А*

## *За изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2015 година*

***Ноември, 2014 г.***

Врз основа на член 22 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 15 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014год.ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А

## За изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2015 година

Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод ги утврдува планираните активности во областа на изградбата, реконструкцијата и одржувањето на локалните водоводи, канализационите мрежи и собирањето и одведувањето на атмосферските води и потребните финансиски средства за нивна реализација.

**I.ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

**<u>1.Изработка на проектна документација</u>**

Потребно е да се изработат проекти за инфраструктура и основни проекти за изградба и реконструкција на водоводни мрежи за следните населени места:

1.1.Изработка на проект за реконструкција(замена на азбест цементни цевки) на дел од водоводната мрежа во М.Брод на улиците „Јане Сандански“ и „15та Бригада“ во должина од 800 м.

1.2.Изработка на проект за реконструкција и замена на дел од водоводната мрежа во с.Самоков во должина од 600 м.

1.3.Изработка на проект за водоснабдување на М.Брод со зафаќање на извори од Песјак

1.4.Изработка на проектна документација за реконструкција на водоводна мрежа и резервоар во училиштето во с.Манастирец и смена на водоводните цевки до резервоарот

1.5.Изработка на проектна документација за реконструкција на старата водоводна мрежа во с.Самоков

1.6.Изработка на проектна документација за реконструкција и ревитализација на водоводната мрежа во с.Брест

1.7.Изработка на проектна документација за водоснабдување на село Сланско

**Предвидени средства за оваа намена се во висина од 200.000 денари.**

**<u>2.Изградба на водоснабителни системи</u>**

2.1.Водоснабдување на селата Горно Зркле, Сушица, Инче, манастирот „Св.Богородица“ Горни и Долни Манастирец ……………........................19.434.250ден.

2.2.Водоснабдување на селата Црешнево и Старовци и манастирот „Старокуќа“…………………………………………………………….....7.540.327ден.

2.3. Подобрување на водоснабдувањето во село Крапа со објекти на постоен доводен цевковод, резервоар и разводна мрежа .............................................7.136.545ден.

2.4. Изградба на цевковод од РГВ„Студенчица“за водоснабдување со питка вода на село Латово ..........................................................................................2.796.481ден.

2.5. Подобрување на водоснабдувањето на населено место Белица со цевковод од извор до резервоар ..............................................................................3.232.627ден.

2.6.Доизградба на водоводна мрежа на село Грешница за што се потребни средства во износ од .......................................................................................616.689ден.

2.7.Водоснабдување со питка вода на село Слатина ..........................6.203.734ден.

2.8.Водоснабдување на населено место Калуѓерец .............................2.771.000ден.

2.9. Водоснабдување на населба Близанско .........................................3.467.809ден.

2.10.Реконструкција на дел од водоводна мрежа во Македонски Брод – замена на азбест цементни цевки L=800 m на улиците „Јане Сандански“ „15 –та Бригада“ и „Партизанска“......................................................................................... 800.000 ден.

2.11.Изградба на водоснабдителен систем за М.Брод со зафаќање на извори од м.в. „Песјак“...................................................................................... 7.000.000ден.

**2.ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА**

**<u>1.Изработка на проектна документација</u>**

Потребно е да се изработат проекти за инфраструктура и основни проекти за изградба на фекална канализација за населените места:

1.1 Населба Долни Звечан до н.м.Самоков во должина од 1,2 км.

Предвидени средства...........................................................................24.000 ден.

1.2 Изработка на тех.документација за нас. „Сувенир“-Самоков во должина од 200 метри..........................................................................................................12.000 ден.

1.3.Изработка на тех.документација за фек.канализација за с.Сувидол
Предвидени средства.........................................................................................30.000 ден.
**Вкупно предвидени средства .........................................................................66.000 ден.**

## <u>2.Изградба на фекална канализација</u>

1.1 Изградба на фекална канализација за населба Долни Звечан до н.м.Самоков во должина од 1,2 км.............................................1.200.000,00 ден

1.2 Изградба на фекална канализација за нас. „Сувенир“-Самоков во должина од 200 м.......................................................................................... 250.000 ден.

1.3 Изградба на фек.канализација за с.Сувидол .................................300.000 ден**.**

**Вкупно средства.........................................................................................1.750.000 ден.**

## 3.АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

1.Изградба на решеткасти сливници и поставување на цевки за зафаќање на површински води на улици во Македонски Брод („Илинденска“„Браќа Миладиновци“,„7-ми септември“ и „Душан Митрески“......................................................................60.000 ден.

2.Изработка на проектна документација за канал за прифаќање на атмосферските води помеѓу ул.„Душан Митрески“ и „Крушевска Република“..............................40,000 ден

3.Доизградба на каналот Лоштица до излезот во река Треска................1.200.000 ден

4. Изработка на проектна документација за канал за прифаќање на атмосферските води покрај улицата „Песјак“.........................................................................40.000 ден

**Вкупно предвидени средства ......................................................................... 1.340.000 ден.**

## 4.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

За активностите од оваа Програма кои се предвидени во дел I под точка 2.Изградба на водоснабдителни системи; ќе се аплицира во Министерството за транспорт и врски преку Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“кој се финансира со средства од Европската инвестициона банка, согласно договорот СЕПАРИС бр.2008-0446 за финансирање на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, склучен меѓу Европската инвестициона банка и Република Македонија.

Активностите кои се однесуваат на подготовка на проектната документација ќе бидат финансирани од Буџетот на Општина Македонски Брод.

За останатите активности Општина Македонски Брод планира да аплицира со проекти пред други донатори и фондови.

## 5.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ

Динамиката на реализација на активностите предвидени во оваа Програма пред се зависи од обезбедувањето и приливот на финансиските средства.

## 6. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 07 - 889 / 13**
**27.11.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с,р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во општина Македонски Брод за 2015 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во општина Македонски Брод за 2015 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/13/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

## *ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

# *П Р О Г Р А М А*

## *ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА*

*Ноември 2014г.*

Врз основа на Законот за животна средина(Сл. Весник на РМ бр.53/2005, 81,05), член 22 став 1 точка 2 и член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа(Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл. Гласник бр.02/03),Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година ја донесе следната :

# П Р О Г Р А М А
## за заштита на животната средина и природата во Општина Македонски Брод за 2015 година

Со програмата за заштита на животната средина и природата за Општина Македонски Брод за 2015 година се планирани активности врз основа на анализата на проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во Општина Македонски Брод, а кои се во функција на истите во сите медиуми,( вода, воздух, почва )во природата.

Средствата за реализација на оваа програма се планира да бидат обезбедени од буџетот на Општина Македонски Брод.

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за урбанизам ,комунални дејности ,локален економски развој и заштита на животната средина, а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Македонски Брод. Дел од тие програми се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за за одведување и прочистување на отпадни води, јавна чистота.

Дел од планираните активности од Програмата за заштита на животната средина се започнати во 2014 година и се во фаза на реализација, а заради обемноста и специфичноста на истите се планира да бидат завршени во 2015година.Останатите планирани активности ќе бидат започнати со реализација во 2015 година, а реализацијата на дел од нив ќе продолжи и во буџетската 2015г.

**Предвидени проекти и активности во програмата за животна средина:**

**I.СТУДИСКА ПОДДРШКА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| **1.** | **Изработка на стратегија за заштита на животната средина и природата во општина Македонски Брод** | **200.000** |
| **2.** | **Изработка на студија за компостирање на биоразградлив отпад во Општина Македонски Брод и регионот** | **300. 000** |

| | | |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **500. 000** |

**II.ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ ДЕНОВИ НА ЕКОЛОГИЈАТА**

| **Ред.бр.** | **Активност** | **Износ во денари** |
|---|---|---|
| **1.** | **- Одбележување на „Денот на планетата земја“ -22 април (акција за собирање и одлагање на електронски отпад)** | **30. 000** |
| **2.** | **- Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (акција за собирање на стара хартија и картон во соработка со училиштата во Општина Македонски Брод )** | **30. 000** |
| **3.** | **Акција за избор на најдобро уреден двор** | **20.000** |
| **4.** | **Подобрување на хортикултурно уредување во Општина Македонски Брод** | **200.000** |
| **5.** | **Едукација на граѓаните и подигање на јавната свест за значењето на животната средина(одржување на трибини и изработка на флаери) во соработка со ЕД„Треска“** | **30.000** |
| | **ВКУПНО** | **310.000** |

**III.СОБИРАЊЕ И СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД**

| **Ред.бр.** | **Активност** | **Износ во денари** |
|---|---|---|
| **2.** | **Поставување на контејнери за селектиран отпад** | **40.000** |
| **3.** | **Организирање на акции за отстранување на дивите депонии** | **30.000** |

| | | |
|---|---|---|
| **5.** | **Поставување на корпи за отпадоци** | **40.000** |
| **6.** | **Поставување на контејнери по селата** | **1.400.000** |
| | **ВКУПНО** | **1.510.000** |

За буџетската 2014 година за реализација на горе споменатите проекти се предвидени средства во висина од **2.320.000 денари.**

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07- 889/ 14**
**27.11. 2014 г.**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за заштита на животна средина и природата во општина Македонски Брод за 2015 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за заштита на животна средина и природата во општина Македонски Брод за 2015 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/14/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

## *ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

# *П Р О Г Р А М А*

## *ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА И СПОРТОТ*
## *ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*
## *ЗА 2015 ГОДИНА*

*Ноември, 2014г.*

Врз основа на член 7 точка 3 од Законот за култура (Сл.весник на РМ бр.59/03-пречистен текст), член 22 став 1 точка 5 и член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27.11.2014 годин, ја донесе следната:

## ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА И СПОРТОТ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА

### 1. Ц Е Л И

Основни цели на оваа Програма се:
- Обезбедување активен однос на Општина Македонски Брод кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните во областа на културата и спортот:
- Сочувување и афирмирање на спортот и материјално-духовното културно наследство на Општина Македонски Брод;
- Сочувување и афирмирање на спортот и културниот идентитет на Општина Македонски Брод;
- Создавање услови за квалитетно културно живеење, соодветно на статусот на Општина Македонски Брод;
- Промовирање и поддржувњае на нови идеи и проекти што ја афирмираат Општина Македонски Брод како развиен културен и спортски центар;
- Интензивирање и збогатување на меѓународната спортска и културна соработка.

### 2. А К Т И В Н О С Т И

- Активностите на општина Македонски Брод во областа на културата и спортот ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на остварувањето на целите на оваа Програма;

Во таа смисла ќе се спроведуваат активностите за:
- Сочувување на континуитетот на одржувањето на традиционалните културно-уметнички и спортските манифестации со потврдени квалитети и присутен голем интерес на граѓаните;
- Реализирање на манифестации, програми и проекти со современи содржини кои квалитетно го збогатуваат спортот и културниот живот на општината;
- Помагање на манифестациите на младите со културни-уметнички,спортски и забавно-едукативни содржини;
- Претставување во општината во Република Македонија и странство на афирмирани уметници, ансамбли и институции, како и на млади творци и интерпретатори, во согласност со утврдени критериуми;
- Издавање публикации за историското наследство, културната традиција, современиот културен живот и уметничкото творештво во општина Македонски Брод

-Унапредување на меѓународната - културна комуникација врз реципрочна основа со други градови од земјата и странство;
-Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата и спортот во локалните заедници.

## 3. Ф И Н А Н С И Р А Њ Е

Активностите на Општина Македонски Брод од областа на културатаи спортот, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2015 година, средства од Буџетот на Република Македонија, спонзорства и донации.
При реализација на Програмата, Општина Македонски Брод ќе ги поддржува организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:
- Буџетот на Република Македонија за 2015 година (преку надлежните министерства);
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство и други извори

## 4.ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ ВО БУЏЕТСКИ ПОДПРОГРАМИ

### К4. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНО – ПРОМТИВНИ МАНИФЕСТАЦИИ

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | **Поддршка на културно-промотивни манифестации:**<br>**- Велигденски Кули;**<br>**- Костенијада;**<br>**- Поречки средби;**<br>**- Потписи на срцето**<br>**-Графичка ликовна колонија**<br>**-Турнири во спортски дисциплини** | <br><br>50.000<br>60.000<br>50.000<br>50.000<br>50.000<br>100.000 |
| 2. | **Трансфер кон здруженија и институции за промоција на книжевно творештво и културното наследство** | 100.000 |
| 3. | **Одржување на постојните спомен обележја** | 100.000 |
| 4. | **Поддршка и реализација на проекти од областа на спортот и културата** | 150.000 |
| 5. | **Свечено организирање на дочек за Нова година на градскиот плоштад** | 60.000 |
| 6. | **Помагање на манифестациите на** | 100.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | **младите со културно уметнички и забавно едукативни содржини** | |
| 7. | **Културно и спортско претставување на општината во и надвор од РМ** | 120.000 |
| 8. | **Поддршка на верскиот обичај – фрлање на крстот во склоп на православниот празник Водици** | 60.000 |
| 9. | **Финансиска поддршка на КУД „7ми Септември“** | 40.000 |
| 11. | **Отворање на градска читална** | 60.000 |
| | **Вкупно** | **1.150.000** |

**КА. ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ОТВОРАЊЕ НА КУЛТУРНО - ИСТОРИСКИ И ЕТНОЛОШКИ МУЗЕЈ**

| **Ред.бр.** | **Активности** | **Износ во денари** |
|---|---|---|
| 1. | **Реставрација на зградата** | 743 000 ден. |
| 2. | **Опремување и уредување на зградата** | 615 000 ден. |
| 3. | **Прибирање на културно и етнолошки материјали** | 61 500 ден. |
| 4. | **Откуп на експонати од приватни акционери, иматели, алтернатива донација** | 307 500 ден. |
| 5. | **Партерно уредување** | 123 000 ден |
| | **Вкупно** | **1.850.000 ден.** |

**За буџетската 2015 година за реализација на горе споменатите проекти се предвидени средства во висина од 3.000.000 денари.**

**5.ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07- 889 /15**
**27.11. 2014 г.**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за развој на културата и спортот во општина Македонски Брод за 2015 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за развој на културата и спортот во општина Македонски Брод за 2015 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/ 15/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

***ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД***

# ***П Р О Г Р А М А***

## ***ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ***

## ***НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД***

## ***ЗА 2015 ГОДИНА***

***Ноември, 2014г.***

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр.05/2002) и член 21 став 3 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник“ бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27.11.2014 година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА

## 1.ВОВЕД

Процесот на креирање на оваа програма е основан врз непосредното партиципирање на јавните институции,бизнис секторот и здруженијата на граѓани ,преку заедничките активности за да се овозможи достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив економски развој.

Програмата за локален економски развој се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот на децентрализација согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработените проценки и анализи на заедницата во сите тематски области во кои локалната самоуправа има законски надлежности. Во рамките на тие активности подготвена е Стратегија за локален развој на општината Македонски Брод за периодот од 2008 до 2013година,а изготвен е и Акционен план за операционализација на стратегијата. Воедно подготовката на програмата е согласно насоките на Европската Унија за користење на ИПА фондовите,што во основа ја имаат неопходноста од примена на оваа методологија за подготовка на програми за работа и буџетско планирање.

## 2.ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Секторот за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и заштита на животната средина преку одделението за комунални дејности и ЛЕР, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети ја базира

Програмата за локален развој за буџетската 2015 година, која пак обезбедува Операционализација на Стратегијата за локален развој.

### ГА.ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на комунална инфраструктура во индустриската зона | 3.300.000 |

Општината Македонски Брод не располага со уредена локација за развивање на индустријата, односно таканаречена индустриска зона што претставува еден од виталните предуслови за влез на домашни и странски инвестиции кај нас. Поради тоа општината планира изградба на комунална инфраструктура во индустриската зона, со што ќе се зголеми бројот на вработени во општината и ќе се подобри животниот стандард на населението.

### Г1.ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

| Ред.бр. | Активности | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Ревизија на Стратегијата за локален развој на општина М.Брод за 2008 – 2013г. | 100.000 |
| 2. | Изработка на Стратегија за вработување | 120.000 |
| 3. | Изработка на инвестиционен водич за афирмирање на бизнис можностите во општината | 200.000 |
| 4. | Поттикнување и поддршка на партнерства со странски и домашни субјекти со локалните стопански субјекти | 100.000 |
| 5 | Ажурирање на општинската Веб страница со промотивна и информативна цел | / |
| 6. | Учество на Саем на општини во Република Македонија и надвор | 400.000 |
| 7. | Активна соработка со бизнис секторот и развивање на можности за формирање јавни-приватни партнерства,бизнис клубови и сл. | 60.000 |
| 8. | Поддршка на мали и средни претпријатија за полесен пристап до инвестициски фондови | / |
| 9. | Организирање на разни форуми и состаноци со заинтересираните граѓани за разни отворени прашања во општината | 150.000 |
| 10. | Локално учество за реализација на проектни активности како и во подготовка и реализација во меѓународни проекти | 4.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | **согласно дефинираните приоритети предвидени со Стратегијата за локален развој на општината Македонски Брод** | |
| **11.** | **Состаноци со локалните здруженија на граѓани за заеднички настап при аплицирање со проекти пред домашните и странски фондови** | **30.000** |
| **12.** | **Брендирање на Велигденските кули кои се уникатни на Балканот и пошироко** | **240.000** |
| | **Вкупно** | **5.400.000** |

1. **Ревизија на Стратегијата за локален развој на општина М.Брод за 2008 – 2013г.**

За реалиација на оваа активност во Општина Македонски Брод ќе се формира тим од засегнатите страни. Тимот низ работилници ќе ја изврши ревизијата на стратегијата за локален развој со што ќе се утврдат приоритетните области на делување и ќе се конкретизираат мерките и активностите за реализација за наредниот петгодишен период.

2. **Изработка на Стратегија за вработување**.

Во 2015 година општината ќе спроведе процес за изработка на Стратегија за вработување.

**3.Изработка на инвестиционен водич за афирмирање на бизнис можностите во општината**

Општина М.Брод има потенцијал за инвестиции. Но поради немање на доволно информации за нашите потенцијали на идни инвеститори имаме слаб економски развој и туризам. Со инвестициониот водич т.е. од неговата изработка се очекува да се промовира индустриската зона, како и локалитетите за развој на туризмот со пропратни информации за потребните документи за одреден проект.

Со изработката на овој водич се овозможува реализација на мерките и активностите предложени од Советот на Општина Македонски Брод:

-поттикнување на развојот на стопанството во Општина Македонски Брод;

-лесен пристап на информации за стопанските субјекти со што се обезбедува соработка со стопански субјекти од други општини,како и изнаоѓање на пазари на сопствените стопански субјекти.

Исто така за афирмирање на можностите за водење бизнис кои ги нуди општината е и изработката и дистрибуцијата на мултимедијални CD-а, застапеноста на интернет (преку постоечката општинска web страница или изработка на нов портал специјализиран за бизнис).

Како очекуван резултат од оваа мерка е поголема афирмација на бизнис климата во општина Македонски Брод до зголемена атрактивност на општинските бизнис и претприемачки потенцијали.

4. **Поттикнување и поддршка на партнерства со странски и домашни субјекти со локалните стопански субјекти**

Со оваа активност општината во својата Програма планира поттикнување и поддршка на локалните стопански субјекти со странските и домашните субјекти за побрз економски развој.

**5.Ажурирање на општинската Веб страница**

Единицата на Локалната самоуправа Македонски Брод се залага за јавно, демократско и транспарентно работење. За таа цел Општина Македонски Брод формира тим од општинската администрација кој ќе изготвува општинско информативно гласило. Содржината на ова гласило ќе биде исполнета со активности и случувања во рамките на надлежностите на Општина Македонски Брод, а временската динамика на излегување од печат се планира да биде на секои четири месеци. Во интерес на транспарентноста нашата општина има и своја Веб страница која тековно ќе се ажурира од страна на овој тим.

**6.Учество на Саемот на општините во Република Македонија**

Општина Македонски Брод во 2015 година планира да земе активно учество во Саемот на општините, што се организира од страна за ЗЕЛС, со цел промоција на специфичностите и карактеристиките на општините во Република Македонија. Оваа година нашата Општина ќе формира свој организационен тим и ќе се претстави со сопствен штанд. Општините на овој саем ги презентираат нивните активности,постигнати резултати и идни проекти и граѓаните имаат можност да се запознаат поблиску со работата на општините. Општините пак имаат можност да развијат меѓуопштинска соработка и размена на искуства и идеи.

**7. Активна соработка со бизнис секторот и развивање на можности за формирање јавни-приватни партнерства,бизнис клубови и сл.**

Општина Македонски Брод во текот на целата година е отворена за соработка со бизнис секторот, со цел развојна соработка, развивање партнерства, соработка при реализирање на проектни предлози и идеи како и финансирање на издржани и оправдани проекти од помал обем. Општината Македонски Брод преку Одделението за Лер и комунални дејности, планира да покрене иницијатива за формирање на Бизнис клуб врз основа на ажурирана база на податоци. Преку информативен состанок каде ќе бидат поканети сите претпријатија од општината, ќе се евидентираат сите заинтересирани страни за формирање на Бизнис клубот. Формирањето на овој клуб би придонел за подобрување на бизнис климата во општината и зацврстување на соработката на локалната самоуправа со бизнис секторот.

**8.Поддршка на мали и средни претпријатија за полесен пристап до инвестициски фондови**

Општината ќе ги поттикнува и ќе ги подржува како домашните така и странските партнерства со стопански субјекти од општината со цел побрз економски развој,а воедно и континуирано ќе ја следи можноста за пристапот и користењето на инвестициските фондови за развој на мали и средни претпријатија.

**9. Организирање на разни форуми и состаноци со заинтересираните граѓани и НВО за разни отворени прашања во општината**

Одделението за комунални дејности и ЛЕР има заложба за поттикнување на граѓанското учество во процесот на креирање локална политика. Остварувањето на истото може да се спроведе во повеќе форми, а како проверени во праксата се смета организирањето на разни форуми и состаноци на кои би се дискутирало, па и дебатирало на разни отворени и актуелни прашања во општината.

Со ова се доаѓа до добивање на поквалитетни решенија и проекти преку вклучувањето на граѓаните и нивните организации кои сега, освен како крајни корисници, се појавуваат и како активни чинители во процесите на креирање и одлучување во локалната политика.

**10. Локално учество за реализација на проектни активности како и во подготовка и реализација во меѓународни проекти согласно дефинираните приоритети предвидени со Стратегијата за локален развој на општината Македонски Брод**

Планирањето на локалниот развој, неминовно ја бара потребата од вклучување на Локалната Самоуправа во подготовка и реализација на проекти како на домашно ниво така и на меѓународно. Ова е посебно важно поради фактот дека можноста за користење на Европските фондови (ИПА аранжманите) неминовно го наметнува условот за финансиска партиципација на нашата Општина. Што се однесува пак на домашно ниво,Општината планира целосно,партиципативно или партнерско финансирање и имплементирање на проекти од сите области со цел за одржлив локален развој.

**11. Состаноци со локалните здруженија на граѓани за заеднички настап при аплицирање со проекти пред домашните и странски фондови**

Како со бизнис секторот,така и со локалните здруженија на граѓани Општина Македонски Брод преку оваа активност воспоставува линк за заеднички настап пред меѓународните и домашните фондови со цел развивање на проекти од заеднички интерес кои би го збогатиле животот на заедницата.

**12. Брендирање на Велигденските кули кои се уникатни на Балканот и пошироко**

Оваа активност во Програмата е поттикната од граѓанското учество во креирањето на општинскиот буџет со цел манифестацијата „Велигденски кули“ да стави свој печат и придонес во севкупниот културен и економски развој на нашата општина.

**3. ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Динамиката ќе се одвива согласно приходите на буџетот на општината М.Брод во текот на календарската година. Оваа програма во текот на календарската година може да се изменува и дополнува согласно барањата и потребите на граѓаните.

**4.ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07- 889 /16**
**27.11.2014 година**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ДАРКО ТРАЈКОСКИ с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за Локален економски развој на општина Македонски Брод за 2015 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за Локален економски развој на општина Македонски Брод за 2015 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/16/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

## *ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

# *П Р О Г Р А М А*

## *ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО*

## *ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА*

***Ноември,2014г.***

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/2002) и член 21 став 3 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник“ бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27.11.2014 година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА

## 1.ВОВЕД

Програмата за развој на туризмот во Општина Македонски Брод се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Статутот на Општина Македонски Брод и други законски одредби за забрзување на процесот на децентрализација и креирање на буџетите на ЕЛС, а во согласност со развојните документи.

Туризмот има значајна улога во економскиот развој и преку него може да се привлечат нови инвестиции, да се креираат нови работни места и да се промовираат културните вредности и природните богатства на Општина Македонски Брод.

Општината ќе го поддржува овој сегмент од локалниот економски развој преку соодветни мерки, политики, конкретни проекти за изградба на модерна туристичка инфраструктура и промоција на Општината како атрактивна туристичка дестинација.

Развојот на туризмот ќе се темели на понуда според карактеристиките на општината пред се во делот на еко-туризмот, културен, езерски, планински, ловен, риболовен , селски и друг алтернативен туризам.

Програмата за развој на туризмот во Општина Македонски Брод претставува рамка во која се дефинирани насоките на развој, базирани на природното и културното наследство, уникатноста, квалитетот на производите, срдечноста и нашето препознатливо гостопримство.

## 2.АКТИВНОСТИ

Во таа насока Општина Македонски Брод, преку Секторот за локален економски развој и комунални дејности, планира одредени активности.

| Ред.бр. | Активности | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на локална стратегијазаразвој на туризмот | 120 000 |
| 2. | Изработка на мапа со туристичките потенцијали во општината | 60 000 |
| 3. | Подготовка и печатење на печатен промотивен материјал | 100. 000 |
| 4. | Користење на социјалните интернет мрежи за промоција на локалните можности за развој како и на постоечките туристички капацитети | / |
| 5. | Учество на туристички саеми со целпромовирањенатрадиционалнивредностинаопштината | 150000 |
| 6. | Организирање на средби и презентации пред домашни и странски тур-оператори | 60 000 |
| 7. | Поттикнување  на локалното население за адаптацијанасместувачкитекапацитетизаприемнатуристи кои се во приватна сопственост со цел да се задоволат стандардите за категоризација на сместувачките објекти | 50 000 |

| | | |
|---|---|---|
| **8.** | **Аплицирање пред домашни и меѓународни фондови за реализација на проекти од областа на туризмот** | **/** |
| **9.** | **Активна соработка со Агенцијата за промоција и развој на туризмот на РМ** | **/** |
| **10.** | **Изработка на проекти за развој на туристички локалитети во руралните средини** | **300 000** |
| **11.** | **Поврзување на локалитетот Пешна со Девини Кули** | **800 000** |
| **12.** | **Отворање на информативен центар за промоција на нашата општина** | **200 000** |
| **13.** | **Подготовка на рекламен спот со атрактивните содржини на нашиот крај** | **100 000** |
| | **Вкупно** | **1.220.000** |

**3.ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07- 889/ 17**
**27.11.2014 година**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ДАРКО ТРАЈКОСКИ с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за развој на туризмот во општина Македонски Брод за 2015 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за развој на туризмот во општина Македонски Брод за 2015 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/17/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

*ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

# *П Р О Г Р А М А*

## *ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА*

## *ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА*

*Ноември 2014г.*

Врз основа на член 3, член 11 и член 12 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ бр.79/09, 36/11 и 51/11), член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), и член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27.11.2014 година, ја донесе следната:

# ПРОГРАМА

## за социјална заштита во Општина Македонски Брод за 2015 година

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Општината во остварувањето на својата надлежност од областа на социјалната заштита работи согласно важечката законска регулатива и подзаконските акти донесени од државата и локалната самоуправа.
Законот за социјална заштита, Програмата за остварување на социјалната заштита, Националната програма за развој на социјалната заштита, Законот за локална самоуправа, Законот за семејството, Законот за урбанистичко планирање и други, се акти, врз основа на кои се уредува социјалната заштита, специфичните потреби на населението и начинот на остварување на социјалната заштита.
Во Програмата за работа на советот на Општина Македонски Брод за 2015 година, за последното тромесечје утврдено е дека советот на општина Македонски Брод треба да донесе Програма за социјална заштита за конкретни категории лица во општина Македонски Брод.
Со оваа програма советот на Општина Македонски Брод има за цел поедини категории на семејства да добијат соодветен третман и заштита од социјален ризик, совладување на овие ризици како и со девијантните појави и однесувања

**Видови ризици на кои се изложени граѓаните и категории на лица кои ги опфаќа оваа програма**

Основни социјални ризици на кои најчесто се изложени граѓаните, се следните:
- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност)
- ризици од стареење ( старост и преживување)
- ризици по мајчинство и семејство
- ризици од невработеност и професионална неадаптираност и
- ризици од неадаптираност кон социјалната средина.

## 2. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Општина Македонски Брод,со цел обезбедување на социјалната заштита за нејзините граѓани, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

**А.** Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на следните категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба, согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2015 година

- лица со инвалидност,

-деца без родители и родителска грижа,

- деца со воспитно социјални проблеми,

- деца од еднородителски семејства,

- стари лица без семејна грижа,

- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол,

- тешко болни лица и приматели на терапија,

- лица погодени од елементарни непоходи,пожари и друго.

**Б.** Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население

**В.**Хоризонтално обележување на паркинг простор за лица со посебни потреби и изградба на пристапни рампи во објекти од јавен интерес

**Г.** Организирање на трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност

**Д.** Поддршка на центарот за деца со посебни потреби

## 3. ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

**А. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба.**

**1.Цел**

Целта за остварување на паричната помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица е согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита утврдена во Законот за локалната самоуправа и Законот за социјалната заштита како и други законски и подзаконски акти во оваа област, општината да им излезе во пресрет на здравствено, финансиски или друг начин загрозените лица кои имаат потреба од социјална заштита и помош,а согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2015 година.

**3.Мерки**

Висината на надоместокот, видовите на мерките и услугите за социјална заштита и превенција,за наведените категории на лица ќе се утврдуваат врз основа на поднесено барање со комплетна документација со која би се потврдил основот на барањето,а по дадено позитивно мислење од страна на Комисијата за општествени дејности и по донесена одлука од страна на Советот на општина Македонски Брод.

**4.Носител**

Оваа активност како мерка во рамките на реализацијата на програмата за социјална заштита на општина Македонски Брод за 2015 година, ќе се спроведува од страна на општина Македонски Брод преку надлежните сектори и одделенија а по претходно позитивно мислење дадено од Комисијата за општествени дејности и донесена Одлука од страна на Советот на општина Македонски Брод.

**5.Извори на средства**

Средствата за исплата на парична помош и за обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на наведените категории лица ќе се обезбедуваат согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2015 година и се предвидени во следните потпрограми:

АО- Совет,потставка 464990- други трансфери

АО- Совет,потставка 412110 – постојана резерва

ДО- Градоначалник,потставка 464990-други трансфери

**Б. Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население**

Целта на оваа активност е преку организарање на акција за собирање на облека и друга опрема да им се помогне на социјално загрозени лица.

Носители на спроведување на активност покрај Општина Македонски Брод,ќе бидат вклучени и јавните установи,меѓуопштинскиот центар за социјална работа,невладини организации и здруженија.

**В. Хоризонтално обележување на паркинг простор за лица со посебни потреби и изградба на пристапни рампи во објекти од јавен интерес**

Целта на оваа активност е воспоставување на подобар пристап на лицата со посебни потреби до јавните институции и објекти .

**Г. Организирање на трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност**

Со спроведувањето на оваа активност се превземаат мерки за спречување на настанување на социјални ризици,рано откривање и третман на граѓанинот односно на лицата кои злоупотребуваат дроги,други психотропни супстанции,прекурзори и алкохол.

Оваа активност ќе се спроведе во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа од Македонски Брод, со училиштата, здраствената установа, невладини организации и здруженија на граѓани како и други правни и физички лица.

За реализација на оваа активност во Буџетот на општина Македонски Брод за 2015 година, се предвидени финансиски средства во следната подпрограма:

ЕО – Општинска администрација ,потставка 464990 – други трансфери

ЕО – Општинска администрација,потставка 463110 – трансфери до здруженија

**Д.Поддршка на центарот за деца со посебни потреби**

Целта на оваа активност е да им се помогне на децата со посебни потреби кои што се сместени во Центарот за деца со посебни потреби кој се наjдува во с.Долни Манастирец.

**4.ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ СО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА**

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | **Хоризонтално обележување на паркинг простор за лица со посебни потреби** | **100.000** |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 2. | **Изградба на пристапни рампи во објекти од јавен интерес** | **200.000** |
| 3. | **Реализација на проект за превенција од болестите на зависност** | **250 000** |
| 4. | **Помош за стари и изнемоштени лица** | **500.000** |
| 5. | **Помош на социјално загрозените семејства** | **200.000** |
| 6. | **Помош на лица погодени од елементарни непогоди** | **1.000.000** |
| 7. | **Поддршка на Центарот за деца со посебни потреби** | **200.000** |
| 8. | **Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население** | **30.000** |
| 9. | **Организирање на трибини за едукација против зависности** | **20.000** |
| 10. | **Еднократна помош за секое новородено дете** | **100.000** |
| 11. | **Помош на лица со здравствени проблеми** | **200.000** |
| 12. | **Финансиска поддршка на НВО за реализација на проекти за социјално загрозени семејства и поединци** | **100.000** |
| | **ВКУПНО:** | **2.900.000** |

**5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за социјална заштита на Општина Македонски Брод за 2015 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод, а ќе се применува во текот на 2015 година.

**Број 07- 889 /18**
**27.11. 2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за социјална заштита во општина Македонски Брод за 2015 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за социјална заштита во општина Македонски Брод за 2015 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/18/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

*ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

# ***П Р О Г Р А М А***

## ***ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО***

## ***ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД***

## ***ЗА 2015 ГОДИНА***

***Ноември,2014г.***

Врз основа на член 19 од Законот за управување со отпад (Сл.весник на РМ бр.68/04),Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 г. донесе:

## ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА

Врз основа на планот за управување со отпад на Општина Македонски Брод се предлага следната Програма за управување со отпад за 2015 година

**1.Проценка на видот и количеството на отпад кој се создава во општината на годишно ниво**

Врз основа на планот за отпад за 2014 година предвидено е создавање на 1460 тони комунален отпад на целата територија на Општина Македонски Брод.

**2.Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството на создаден отпад**

Доследно спроведување и следење на процедурите за добивање на интегрирани дозволи од страна на МЖСПП.Во однос на граѓаните воведувањето на селекција на отпадот ќе влијае врз намалувањето на отпадот депониран на општинската депонија.

**3.Начинот на остварување на обврските на правните и физичките лица кои управуваат со отпадот**

Да се воведе општински катастар на загадувачи каде сите оние индустриски капацитети кои создаваат отпад ќе бидат евидентирани и врз основа на годишните количини на создаден отпад ќе бидат обврзани да доставуваат годишни планови и програми за сопственото управување со отпадот.

**4.Начин на работа на објектите и на инсталациите за преработка и за отстранување на отпадот**

Вакви објекти и инсталации се уште не постојат во рамките на Општина Македонски Брод,освен општинската депонија.

Комуналниот отпад се собира согласно усвоената годишна програма за вршење на оваа комунална дејност од страна на ЈП “Водовод и канализација” која е во согласност со годишната програма на Општина Македонски Брод.Дополнително општината ќе ги користи сите можности за уредување на депонијата (депонијата не е оградена, нема машина за покривање на отпадот, нема вода, струја и чуварска служба).

Во соработка со ЈП континуирано ќе се уредува и подобрува состојбата на депонијата (депонијата не е оградена, нема машина за покривање на отпадот, нема вода, струја и чуварска служба), состојбата во делот на зголемување на бројот на контејнери и замена на постојните(неупотребливи) и набавка на пластични канти за домаќинствата и набавка на ново возило со соодветна опрема.

Етапно вклучување на останатите населени места кои не се вклучени во организираниот начин на собирање на комуналниот отпад, пред се поради недоволниот технички и финансиски капацитет на ЈП. Што значи доследно спроведување и следење на имплементацијата условите дадени во дозволата за усогласување со оперативен план за постојната депонија во општината Македонски Брод , се до оној момент кога ќе се воспостави регионално управување со отпадот, каде ќе се почитуваат процедурите за добивање на интегрирана еколошка дозвола за регионална санитарна депонија.

**5.Реализација на мониторингот и информативниот систем во областа на управувањето со отпад**

Мониторингот треба првенствено да биде воведен со пополнување на обрасците за идентификација и транспорт на отпад, како и со изготвување на годишните извештаи за управувањето со отпад.Овие обрасци се задолжителни за претпријатијата,во кои секако се наоѓа и општинското јавно претпријатие.

6.**Начин на функционирање на интегрираната мрежа за преработка и за отстранување на отпадот**

Во Општина Македонски Брод ќе се преземат активности за подобрување на досегашниот систем за отстранување на отпадот со техничко доопремување на истиот.

**7.Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на биоразградливиот отпад**

Јавна кампања.

За прифаќање на концептот за искористување на биоразградливиот отпад, Општина Македонски Брод преку Секторот за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам,и заштита на животната средина ќе спроведе јавна кампања за подигање на јавната свест. Ќе изработи план кој ќе содржи, организирање на јавни презентации, изработка на брошури и флаери, настапи на јавни медиуми и вклучување на најмладите категории преку училиштата.

**8.Мерки/активности за селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот**

Во централното градско подрачје, веке се поставени и успешно функционират контејнери со запремнина од 1,1$м^3$ во кои посебно се одлага пластиката.

Изработени се проекти и ќе се прават напори за оформување на неколку локации т.н зелени острови за селекција на отпадот во кои посебно ќе се одлага пластика, хартија и комунален отпад.

**9.Начин за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето со отпадот**

Едукацијата на населението треба да се одвива према дадените насоки од глава 13 од Планот за отпад.

Сите останати мерки се дадени во Планот за отпад и истите треба да се реализираат со онаа динамика како што е предвидено во Планот.Одредени корекции треба да се прават на почетокот на секоја година,врз основа на добиените податоци од годишните извештаи за управување со отпад. Доколку има отстапувања од планираната динамика треба да се користат податоците од планот.

**На следната табела се дадени активностите со проценети финансиски потреби:**

| Активност | финансиски средства |
|---|---|
| 1.Јакнење на административните капацитети:<br>- Јакнење на капацитетите на ЈП и Општина Македонски Брод<br>- Нова организациона поставеност во ЈП и подобрување на ефикасноста во делот на отпад<br>- Зголемување на капацитетите во Општина Македонски Брод за следење на проблемите во делот на животната средина | 70 000 |
| 2.Уредување на постојната депонија(постигнување стандарди за технички минимум) | 250 000 |

| | |
|---|---|
| **3**.Регионално управување со отпад во Југозападниот плански регион<br>- Изработка на физибилити студија за регионално управување со отпад | Средства преку центарот за развој на Југозападниот плански регион |
| 4.Изработка на општински катастар на загадувачи | 60 000 |
| 5.Воведување на систем за селектирање и собирање на отпад<br>- Припремни работи за воведување на системот( набавка на садови за оваа намена) | 180.000 |
| 6.Управување со биоразградливиот отпад<br>- Изработка на студија и проектна документација | 60 000 |
| 7.Мониторинг на управување со отпад<br>--Изработка на база на податоци<br>- предлог мерки за решавање на проблемот со дивите депонии | / |
| 8.Мерки за подигање на јавната свест | 60 000 |

**14.Преодни и завршни одредби**

Надлежен за оваа програма е Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Програмата може да претрпи измени и дополни.

Програмата стапува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Македонски Брод".

**Бр.07 – 889 /19**

**27.11.2014 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Програмата за управување со отпад во општина Македонски Брод за 2015 година

Се прогласува **Програмата за управување со отпад во општина Македонски Брод за 2015 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/ 19/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

## *ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

# *П Р О Г Р А М А*

## *ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА*

*Ноември,2014г.*

Врз основа на член 16 став 4 од Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените ( Службен весник на РМ бр. 66/06), член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 21од Статутот Општина Македонски Брод , Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТНА ЛОКАЛНО НИВО**
**ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА**

**1. Активности за подигање на свеста за пријавување на семејното насилство:**
- Собирање и анализа на податоци,
- Организирање на јавни трибини и советување од стручни лица,
- Изготвување брошури и нивна дистрибуција,
- Вклучување на медиуми (информативни емисии, дебати),
- Поддршка на НВО-и кои работат на полето на семејно насилство,
- Соработка со организации и здруженија кои работат на оваа проблематика,
- Во износ од ______________________________________50 000 денари

**2. Активности за превенција во борбата против дрогата,**
- Собирање податоци за состојбата со употребата на дрога меѓу младите во Општина Македонски Брод,
- Поддршка на проекти од областа на превенција во борбата против дрогата,
- Соработка со институции кои работат на полето на превенции во борба против дрогата кај младите
- Во износ од ______________________________________ 60 000 денари

**3.** За буџетската 2015 година за реализација на горе споменатите активности се предвидени средства во висина од 110 000 денари.

**4**. Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 07- 889 /20**
**27 .11.2014 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за унапредување на родова рамноправност на локално ниво за 2015 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за унапредување на родова рамноправност на локално ниво за 2015 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/20/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

*ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

# ***П Р О Г Р А М А***

***за одбележување годишнини на значајни настани и личности за 2015 година во Општина Македонски Брод***

***Ноември, 2014г.***

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа Сл. весник на РМ бр.5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27.11.2014 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за одбележување годишнини на значајни настани и личности за 2015 година**

Тргнувајќи од историските традиции, културните и други збиднувања во Република Македонија, а особено во Општина Македонски Брод ,во 2014 година Општина Македонски Брод ќе се вклучи и во одредени случаи ќе биде и носител на одбележувањето на следните значајни настани и личности:

| Ред. бр. | датум | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | 6 јануари | Сеќавање на 103 поречани загинати на Бадник Положување цвеќе на спомен костурницата | 3 000 |
| | носител | Општина Македонски Брод | |
| 2. | 12 февруари | Посета на спомен –обележјето Барбарос-почит кон паднатите борци од февруарскиот поход и спомен обележјето на Слободан Пепоски-борец во НОБ | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | Носител | СБ Мак.Брод.СБ Кичево и СБ Гостивар | |
| 3. | 8 – ми Март | Меѓународен ден за правата на жената | 6 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | Носител | Организација на жени на Општина Македонски Брод | |
| 4. | 24 – ти Мај | Ден на македонските просветители "Св.Кирил и Методиј" | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | носител | ООУ" Св.Климент Охридски" | |
| 5. | 2 – ри Август | Одбележување на Илинден посета на спомен обележјето во М.Брод –Калето и спомен обележјето во с.Сланско – положување цвеќе | 4 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | носител | СБ Макед.Брод | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | 25-ти Август | Одбележувањето на денот на формирањето на 15-та Поречка НОУБ во с. Брезница | 4 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите<br>што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | Носител | СБ Макед.Брод | |
| 7. | 28 –ми Август | Одбележување на борбата во с.Здуње | 4 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите<br>што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | Носител | СБ Македон.Брод и СБ Прилеп | |
| 8. | 7-ми Септември | Ослободување на Македонски Брод<br>Организирање пригодна свеченост и посета на спомен обележјата | 15 000 |
| | Носител | Општина Македонски Брод и СБ Макед. Брод | |
| 9. | 8- ми Септември | Ден на самостојноста на Република Македонија<br>Организирање на свечено одбележување | 5 000 |
| | носител | Општина Македонски Брод | 3 000 |
| 10. | 23 –ти Септември | 109 години од загинувањето на Ѓурчин Наумов - Пљакот | |
| | | Положување на цвеќе | |
| | носител | Општина Македонски Брод | |
| 11. | 11-ти Октомври | Ден на востанието на Македонскиот народ<br>Положување цвеќе на спомен обележјата | 5 000 |
| | носител | Општина македонски Брод и СБ Макед. Брод | |
| 12. | 28-ми Ноември | Положување цвеќе на местото Русјачки воденици - Спомен обележје на стреланите борци на Првата МКУБ | 6 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите<br>што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | носител | СБ Макед.Брод и СБ Прилеп | |
| 13. | 8-ми Декември | Денот на Св.Климент<br>Организирање на свеченост | 4 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите<br>што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | носител | ООУ Св.Климент Охридски | |
| | | **ВКУПНО:** | **64 000 ден.** |

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07- 889/ 21**
**27.11.2014 година**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за одбележување годишнини на значајни настани и личности во општина Македонски Брод за 2015 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за одбележување годишнини на значајни настани и личности во општина Македонски Брод за 2015 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/21/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

***ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД***

# ***П Р О Г Р А М А***

***ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА***

*Ноември, 2014г.*

Врз основа начлен 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 12 став 1 точка 4, став 2 член 14 од Законот за Заштита на населението од заразни болести (Сл.весник на РМ бр.66/2004, бр.139/08, бр.99/09 и бр.86/11), врз основа на Стручното мислење добиено од ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Прилеп и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27.11.2014 година, ја донесе следната:

# ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА

## 1.ВОВЕД

Општина Македонски Брод врз основа на Законот за заштита на населението од заразни болести и Стручното мислење за спроведување на превентивна десинсекција и дератизација за спречување и сузбивање на вектор преносливите заболувања на територијата на Општина Македонски Брод, добиено од ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Прилеп во 2015 година ќе ги превземе општите мерки за заштита на населението од заразни болести на нејзината територија, односно ќе изврши превентивна дезинсекција и дератизација.

Превентивната дезинсекција претставува планирана, систематска и долгорочна мерка за намалување на популацијата на штетни инсекти до праг на биолошка толеранција, како и спречување на растот,развојот и размножувањето на инсектите кои претставуваат вектори на голем број заразни болести, делуваат вознемирувачко, но исто така предизвикуваат и алергиски реакции.

Превентивната дератизација претставува низа на мерки и активности кои се превземаат со цел уништување на глодарите со користење на хемиски средства, односно родентицидни мамци.

## 2.ЦЕЛ

Целта на оваа програма е планирање, организирање и спроведување на општите мерки, односно, превентивна дезинсекција и дератизација, за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Македонски Брод.

## 3.ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНСЕКЦИЈА

Целта на превентивната дезинсекција е редуцирање на густината на популацијата на штетни инсекти до праг на биолошка толеранција на територијата на Општина Македонски Брод, зголемување на степенот на здравствена заштита на луѓето и животните, како и одржување на стабилна хигиенско-епидемиолошка состојба на ова подрачје.

### 3.1. Сузбивање на комарци и нивните развојни облици

Спроведувањето на дезинсекцијата е комплексен процес кој се спроведува со примена на механички, физички, биолошки и хемиски методи и средства кои се еколошки прифатливи и на начин кој оневозможува да се доведе во опасност здравјето на населението и животните како и на корисните инсекти.

Општина Македонски Брод во соработка со Центарот за јавно здравје – Прилеп, сузбивањето на комарците ќе го спроведува на четири нивоа при што постојано ќе се води грижа за зачувувањето на биолошката различност на одредено подрачје.

**-Санациони мерки**имаат за цел намалување или отстранување на условите за раст и размножување на комарците. Тоа значи затрупување на блатата, обезбедување на проточност на водата, правилна диспозиција на цврстиот отпад, редовно косење на зелените површини и други хигиено технички мерки.

**-Здравствена едукација на населението** има за цел редовно информирање на населението за вектор преносливите заразни заболувања, изработка на информативно едукативни летоци, брошури и флаери, како и непосредна комуникација на терен со месното население за подигање на степенот на индивидуалната можност на населението за самозаштита и отстранување на леглата на комарци.

**-Биолошки мерки за сузбивање на комарците-** имаат за цел зачувување на животната средина и биолошката разновидност.Ефикасни резултати се постигнуваат (онаму каде што е можно) со користење на предатори на ларвите на комарецот како што е малата риба Gambusiaholbrookiнајчесто во езера.Во сузбивањето на комарците голема улога има и примената на биоцидни производи како што е Bacilusthurigiensisvarisraelensis во форма на течност, прашак или гранули.

**-Хемиски мерки за сузбивање**

А) Примена на регулатори на растот кои ги има во форма на гранули кои се користат за чисти води и не се штетни за останатите видови на животни.

Б) Ларвицидни инсектициди кои имаат за цел да го нарушат развојниот стадиум на комарецот т.е делуваат на ларвената форма, при што спречуваат развивање на зрели адултни комарци.Постојат ларвицидни инсектициди во форма на течност, гранули, прав а во однос на апликацијата можат да се распрскуват или рачно расфрлаат во водените површини. Ларвицидните инсектициди имаат исклучително висок ефект. Апликацијата е многу полесна и не го нарушуваат биодиверзитетот. За да може да се користи одреден ларвициден инсектицид потребно е за истиот да има дозвола од Министерството за здравство.

Ц) Адултицидна дезинсекција- може да се спроведува како резидуално прскање во затворени објекти или како ладно/топло замаглување од земја при третман на поголеми површини. Претставува сложена акција која бара голема внимателноство однос на дозирањето на средството како и личната заштита на изведувачите и месното население. Има далеку помал ефект од ларвицидната дезинсекција. Инсектицидот задолжително треба да има дозвола за употреба од Министерството за здравство.

### 3.2. Динамика и начин на спроведување на активностите

За да се постигне значаен ефект при спроведување на дезинсекцијата неопходно е постојано и континуирано следење на состојбата на теренот, при што треба да се земат во предвид сите биолошки, хидрометеоролошки и еколошки карактеристики на површините каде што ќе се спроведуваат третирањата. Потребно е на територијата на Општина Македонски Брод да се спроведат два вида на третирање и тоа:

**Ларвицидна дезинсекција** која ќе се изведува од месец Април па се до месец Септември според претходно утврдена динамика во зависност од степенот на инфестираност на комарци. Проценката и увидите ќе бидат извршени од стручната служба при Центарот за јавно здравје – Прилеп.

**Адултицидната дезинсекција** се спроведува во неколку наврати во месеците Мај, Јуни, Јули и Август.

**Површини за ларвицидни и адултицидни третирања се:**

- Емо колектор
- Љиљачко долче
- Вител
- Градски базен
- Шумско стопанство
- Пат за с.Самоков до мотел Пешна
- Централно градско подрачје
- Горни лозја
- Пат за Кичево до с.Латово
- Фудбалско игралиште

- Требински пат и
- Реон Расадник.

**4.ПРЕВЕНТИВНА ДЕРАТИЗАЦИЈА**

Целта на превентивната дератизација е редуцирање на густината на популацијата на глодари и нејзино доведување до праг на биолошка толеранција, зголемување на степенот на здравствена заштита на луѓето и животните како и одржување на стабилна хигиенско-епидемолошка состојба на територијата на Општина Македонски Брод.

**Предмет на превентивна систематска дератизација** е комплетниот канализационен систем на градот со посебен акцент на објекти од јавен интерес, како што се детската градинка, училиштата, здравствениот дом, ученичкиот дом, други јавни институции и дивите депонии во градот.

**Динамика на спроведување на активностите:**

Дератизацијата ќе се спроведува во два наврати и тоа:

Пролетна дератизација во месец Април и

Есенска дератизација во месец Септември.

**5.ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Средствата за спроведување на превентивните мерки предвидени со оваа Програма се обезбедени од Буџетот на Општина Македонски Брод.

**6.** Оваа програма стапува во сила веднаш по донесувањеo од страна на Советот.

**Бр.07 – 889 /22**
**27. 11.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Македонски Брод за 2015 година**

Се прогласува **Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Македонски Брод за 2015 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/22/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПРОГРАМА

**За урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2015 година**

Ноември- 2014  Македонски Брод

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ бр.51/05,137/07,91/09,124/10,18/11.53/11,144/12 и 55/13)) член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ " бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод " бр.02/03, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27.11.2014 година донесе:

# ПРОГРАМА

## ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА

## ВОВЕД :

Со оваа Програма се уредува :

**1.Урбанизација на територијата на општината Македонски Брод**
**2.Извори на финансирање на Програмата**
**3.Средства наменети за изработка на урбанистички планови**
**4.Динамика за извршување на програмата**
**5.Преодни и завршни одредби**

### 1.УРБАНИЗАЦИЈА

Изготвувањето на урбанистичките планови има за цел да обезбеди услови за континуиран процес на планско насочување на просторниот развој преку спроведување на основните поставки и насоки за идната просторна организација, уредување, користење и заштита на просторот како во градот така и на целата територија на општината.

Исто така општините се должни урбанистичко-планската документација со која се врши вклопување на бесправно изградените објекти да ја донесат во рок од 5 години од донесувањто на законот за постапување со бесправно изградени објеки..

Со спроведување на горе споменатите поставки општината ќе обезбеди уредување и хуманизација на просторот како и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Како основни задачи од аспект на урбанистишкото планирање во 2014 година би требало да се реализираат следните активности:

**-Ревизија на постојниот Генерален урбанистички план за Македонски Брод**

**-Ревизија на постојниот Детален урбанистички план за Македонски Брод „Блок-1“ и „Блок-4“.**

**-Изработка на детални урбанистички планови за урбани единици каде досега нема донесено ДУП-ови во Македонски Брод.**

**-Изработка на Урбанистички планови за села.**

**-Изработка на урбанистички план за вон насело место**

**-Изработка на Општи акти за села, кои немаат урбанистичка документација на територијата на општината Македонски Брод**

**-Утврдување потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација (по барање на правни и физички лица).**

**-Изработка на ажурирани геодетски подлоги и геодетски услуги и**

**-Изработка на плански програми и добивање на Услови за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот**

Во наредниот период како континуитет на досегашните активности од доменот на урбанистичкото планирање потребно е да се изработат:

**А.ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**Потребно е да се изврши ревизија на Генералниот урбанистички план за Македонски Брод заради усогласување со новиот Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ бр.51/05,137/07 , 91/09,124/10,18/11.53/11,144/12 и 55/13).Истото е потребно и заради усогласување со одредени барања и решавање на проблемите на граѓаните за намена на површини и сообрајќајници согласно законската регулатива.Во исто време потребно е да се извршат одредени анализи за можно проширување на урбаниот опфат на градот**.

**Б.ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**-Измена и дополна на Деталниот урбанистички план (ДУП) „Блок-1“ за Македонски Брод**
**-Измена и дополна на Деталниот урбанистички план (ДУП) „Блок-4“ за Македонски Брод,за вклопување на бесправно изградени објекти**

**Исто така се планира да се изработат ДУП-ови и за делови од градот кои досега не биле опфатени со планска урбанистичка документација:**
**-Дел од Македонски Брод населба „Старо село“**
**-Дел од Македонски Брод населба „Под крај“(објекти лево од патот за резервоар)**

**В.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА**

Во нашата општина постои урбанистичка документација за неколку села, која сега треба да се усогласи со Законот за просторно и урбанистичко планирање, односно потребно е да се изврши ревидирање и донесување на ниво на урбанистички планови за села.Исто така потребно е ревидирање на постојните и донесување на нови урбанистички планови за села и тоа за:

**-Урбанистички план за с.Самоков**
**-Урбанистички план за с.Требовље**
**-Урбанистички план за с.Брест**
**-Урбанистички план за с.Здуње**
**-Урбанистички план за с.Близанско**
**-Урбанистички план за с. Белица**
**-Урбанистички план за с.Требино**
**-Урбанистички план за с.Суви дол**
**- Урбанистички план за с.Црешнево**
**- Урбанистички план за с.Русјаци**
**-Урбанистички план за село Пласница(за КО Ижишта и КО Ореовец)**

**Г.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО**

Урбанистички план за вон населено место, согласно чл.13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, се донесува по потреба за плански опфат, за подрачје од рурален карактер.Со овој план се уредува намена и начин на користење на просторот, како и услови за градење на комплексни градби вон од градот и другите населени места.Бидејќи овие урбанистички планови се изработуваат врз основа на предходно издадени услови за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот и Министерството за животна стедина и просторно планирање и нивното донесување ќе биде согласно законските процедури , изработена и усвоена Планска програма. Се предвидува изработка на нови урбанистички планови и измени и дополување на постојните за следните локалитети:

**- Урбанистички план за вон населено место Викенд зона нас.Близанско „Блок-1"и „Блок-2" КО Близанско,**

**- Урбанистички план за вон населено место Викенд зона Долна Брезница „Блок-1" и „Блок-2" КО Брезница,**

**- Урбанистички план за вон населено место Викенд зона Долна Белица КО Белица,**

**- Урбанистички план за вон населено место Викенд зона Тажево „Блок-1" и „Блок-2" КО Тажево,**

**-Урбанистички план за вон населено место м.в.„Пешна" КО Локвица**

**-Урбанистички план вон населено место индустриска зона во Македонски Брод КО Македонски Брод.**

**-ИЗРАБОТКА НА ОПШТИ АКТИ ЗА СЕЛА**

Врз основа на член 78, став5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ бр.51/05,137/07 , 91/09,124/10,18/11.53/11,144/12 , 55/13,163/13 и 42/14) до донесување на план за село,изградбата на селата кои немаат урбанистичка документација,може да се врши под услови и на начин што со општ акт ќе ги утврди општината.Општиот акт се донесува по предходна согласност на Министерството за транспорт и врски –Сектор за уредување на просторот Скопје.

Општите акти содржат задолжително текстуален дел –Предлог одлука, најмалку еден графички прилог и нумерички дел.

Предлог-Одлуката и графичкиот дел ги изработува правно лице кое поседува лиценца согласно член 18 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Градоначалникот на општината формира комисија за одобрување на Предлог-Одлуката составена од најмалки три члена и тоа:Лице од општинската администрација одговорно за урбанистичко планирање и две стручни лица од областа на урбанистичкото планирање, од кои еден архитект со овластување за изработка на урбанистички планови.

Одобрената Предлог-Одлука ,нумеричкиот дел и градфиччкиот прилог се доставуваат до Министерството за транспорт и врски –Сектор за уредување на просторот ,со барање за издавање на согласност.

Министерството за транспорт и врски ја издава бараната согласност односно го одбива барањето за нејзино издавање во рок од 15 работни дена од приемот.

По издавање на Согласноста од страна на Министерството за транспорт и врски Оприот акт го донесува Советот на општината.

Општиот акт задолжително содржи еден графички прилог во размер 1:2500,со дефинирана граница на опфатот на селото,граници на зони според намената на земјиштето и дефиниција на наменската употреба на тие површини,основни влезни и излезни постојни правци во селото и означени траси за истите.

Изготвувањето на Општите акти имаат за цел да обезбедат услови за континуиран процес на планско насочување на просторниот развој преку спроведување на основните поставки и насоки за идната просторна организација, уредување, користење и заштита на просторот, хуманизација на просторот како и заштита и унапредување на животната средина и природата во селата на целата територија на општината Македонски Брод.

Исто така општините се должни урбанистичко-планската документација со која се врши вклопување на бесправно изградените објекти да ја донесат во рок од 5 години од донесувањто на Законот за постапување со бесправно изградени објеки..

Како основни задачи од аспект за изработка на Општи акти за села, кои немаат урбанистичка документација на територијата на општината Македонски Брод во наредниот период би требало да се реализираат следните активности- изработка на Општи акти :

-Општ акт за с.Ореовец,

- Општ акт за с.Русјаци,

- Општ акт за с.Латово,

- Општ акт за с.Требино,

- Општ акт за с.Сланско,

- Општ акт за с.Дреново,
- Општ акт за с.Крапа,
- Општ акт за с.Локвица,
- Општ акт за с.Суви дол
- Општ акт за с.Девич,
- Општ акт за с.Грешница,
- Општ акт за с.Слатина,
- Општ акт за с.Горно Крушје,
- Општ акт за с.Долно Крушје,
- Општ акт за с.Вир,
- Општ акт за с.Модриште,
- Општ акт за с.Долни Манастирец,
- Општ акт за с.Горни Манастирец,
- Општ акт за с.Тополница,
- Општ акт за с.Томино село,
- Општ акт за с.Сушица,
- Општ акт за с.Калуѓерец,
- Општ акт за с.Могилец,
-Општ акт за с.Црешнево,
- Општ акт за с.Белица,
- Општ акт за с.Брезница,
- Општ акт за с.Рамне,
- Општ акт за с.Зркле,
- Општ акт за с Долно Зркле,
- Општ акт за с.Ковче,
- Општ акт за с.Инче,
- Општ акт за с.Лупште,
- Општ акт за с.Ковач,
- Општ акт за с.Бенче,
- Општ акт за с.Брест,
- Општ акт за с.Косово,
- Општ акт за с.Звечан,
- Општ акт за с.Растеш,
- Општ акт за с.Заград,
- Општ акт за с.Волче,
- Општ акт за с.Битово,
- Општ акт за с.Долно Ботушје и
- Општ акт за с.Горно Ботушје
- Општ акт за с.Лаг

**Д.ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

По барање на правни и физички лица Советот на општината Македонски Брод ќе утврдува потреба од донесување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти вон населени места согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и ќе се донесуваат посебни Одлуки .

**2.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на општина Македонски Брод за 2015 год. се финансира од:

-Буџетот на општината Македонски Брод за 2015 година ,

-Од правни и физички лица чии што барања ќе се вградат во оваа Програма и -

-Од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

**3.СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

Општина Македонски Брод ја финансира Програмата за изработката на урбанистишки планови со средства што ќе се предвидат во Буџетот за 2015 година во износ од 1.800.000,00 денари.

**4.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршувањето ќе зависи од приливот на средства:

- Од надоместок за уредување на градежно земјиште,

-Средства наплатени согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти и

-Средства од правни и физички лица.

**5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на програмата ја врши Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Програмата може да се дополнува и изменува во текот на годината доколку има потреба.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07- 889 /23**
**27.11.2014 год.**
**Македонски Брод**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
. на Советот на Општина Македонски.Брод
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општина Македонски Брод за 2015 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општина Македонски Брод за 2015 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/23/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 тока 43 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр. 03/2002), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА

**За одредување на приоритетни проекти за реализација во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ,согласно Договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Европската инвестициона банка и**

**Владата на Република Македонија**

### Член 1

Во Одлуката за одредување на приоритетни проекти за реалиација во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води", соглсно Договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Европската инвестициона банка и Владата на Република Македонија,бр.07-200/6 од 28.02.2014 година, членот 1 се менува и гласи:

Општина Македонски Брод во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води", соглсно Договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Европската инвестициона банка и Владата на Република Македонија,а којќе се имплементира преку Министерството за транспорт и врски ги одредува како приоритетни за реализација следните проекти:

1.Изработка на проектна документација и реализација на проектот за изградба на водоснабдителен систем за селата: Горно Зркле, Сушица, Инче, Манастирот Св. Богородица, Горни и Долни Манастирец

2. Изработка на проектна документација и реализација на проектот за изградба на водоснабдителен систем за селата: Црешнево, Старовци и Манастирот Старокуќа

3.Изработка на проектна документација и реализација на проектот водоснабдување на селото Белица со опфат и на новата туристичка населба Долна Белица

4. Изработка на проектна документација и реализација на проектот за реализација на проектот за подобрување на водоснабдувањето на селото Крапа, Општина Македонски Брод

5.Изработка на проектна документација и реализација на проектот за водоснабдување на Македонски Брод со зафаќање на изворите од местото викано Песјак

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07 – 889/24**
**27 .11.2014 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА**
**За одредување на приоритетни проекти за реализација во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води",согласно Договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Европската инвестициона банка и Владата на Република Македонија**

Се прогласува **ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА за одредување на приоритетни проекти за реализација во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ,согласно Договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Европската инвестициона банка и Владата на Република Македонија** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/24/2**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.Гласник бр. 2/2003), по поднесеното барање од ЗЛД „Песјак„ бр.07-841од 2014г, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 ноември 2014 година

# О Д Л У К А

**За отстапување на движни ствари на ЗЛД„Песјак„-Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука на ЗЛД „Песјак„ се отстапуваат на трајно користење движни ствари - 7 метални ормари, сопственост на СОУ „Свети Наум Охридски " од Македонски Брод.

**Член 2**

Движните ствари, утврдени во член 1 од оваа Олдука се отстапуваат на трајно користење без надоместок.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

**Број 07- 889/25**
**27.11.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К
**за прогласување на Одлуката за отстапување на движни ствари на ЗЛД„Песјак„-Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за отстапување на движни ствари на ЗЛД„Песјак„-Македонски Брод** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/25/2**
**04.12.2014година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Којнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.Гласник бр. 2/2003), по поднесеното барање од Група Граѓани од Македонски Брод бр.07-867од 2014г, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 ноември 2014 година

# О Д Л У К А

**За тампонирање на дел до тротоар на ул Пратизанска„-Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува тампонирање на слободно неуредено место покрај троатоар на ул.Партизанска после Градскиот мост во Македонски Брод, поточно спроти ресторан Маме.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да обезбеди 15 кубици на дробен камен –ризла за тампонирање на локацијата од член 1 од оваа Одлука..

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 07- 889/25/1**
**27.11.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Одлуката за тампонирање на дел до тротоар на ул.Партизанска „-Македонски Брод**

Се прогласува **на Одлуката за тампонирање на дел до тротоар на ул.„Партизанска“-Македонски Брод** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/25/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р**.

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година донесе

# О Д Л У К А
## За набавка и поставување на вратила (улична теретана) во Македонски Брод и Самоков

**Член 1**

Согласно оваа одлука за потребите на општина Македонски Брод да се набават и постават вратила (улична теретана) во кругот на СОУ Св.Наум Охридски – Македонски Брод и Основното Училиште во Самоков.

**Член 2**

Да се изработи проектна документација .

**Член 3**

За набавка и поставување на вратилата се овластува градоначалникот на Општина Македонски Брод да се спроведе набавка согласно Законот за јавна набавка и Законот за користење и располагање со движни ствари во сопственост на органите на државната управа.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07- 889/26**
**27.11.2014 год**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за набавка и поставување на вратила (улична теретана) во Македонски Брод и Самоков**

Се прогласува **Одлуката за набавка и поставување на вратила (улична теретана) во Македонски Брод и Самоков,** што го донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/26/1**
**04 .12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.05/2002), член 114 и член 115 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод “бр.08/2005), а во врска со Националната стратегија за млади на Република Македонија, Советот на општина Македонски Брод на седница што одржана на ден 27.11.2014 година, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА
## за измена на статутот на Општина Македонски Брод

**Член 1**

Во член 2 после зборот „Требовље“ се става запирка и се додава зборот „Лаг“.

**Член 2**

Во Статутот на локалната самоуправа Македонски Брод, глава IV – **ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА**

По член 44 се додаваат нови членови кои гласат:

**Член 44-а**

**СОВЕТ НА МЛАДИ**

Во Општината се формира Совет на млади како советодавно тело на општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на општината .

Младите се жители на општината на возраст од 15 до 30 години живот.

Младите од став 1 на оваа одлука можат да бидат избрани за претседател и заменик претседател на Совет на млади на општина Македонски Брод, само ако се со место на живеење во општина Македонски Брод.

**Член 44-б**

Одлука за основање на Совет на млади ја донесува Советот на општината врз основа на позитивните законски прописи .

**Член 44-в**

Советот на млади на општината ги врши следните работи:

- расправа на седници на Советот на млади за прашања значајни за нивната работа;
- расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општината ,а се од интерес за работата на младите;

- предлага на Советот на општината Одлуки, Програми и други акти од значење за младите од општината;

- му предлага на Советот на општината да расправа за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и решавање на нивните проблеми;

- му дава мислење на Советот на општината за конкретните одлуки кои треба да ги донесе;

- соработува во изработката и го следи споредувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на општината;

- изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите , а по потреба предлага донесување на Програми за отстранување на настанатите проблеми и подобрување на положбата на младите на локално ниво;

- организира работилници, предавања , трибини , кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;

- информира и промовира за активностите на Советот на млади;

- ја потикнува меѓусебната општинска соработка и размена на искуства со младите на другите општини ;

- по потреба повикува претставник на Советот на општината на своите седници;

- врши и други работи од интерес за младите;

**Член 44-г**

Советот на млади има пет членови.

Советот на општината покренува постапка за избор на членови во Советот за млади со јавен повик.

Кандидатите за членови во Советот за млади ги предлагаат : Невладини организации и Здруженија на млади , ученички совети , студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите .

Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлогот на Комисијата за мандатни прашања , избори и именувања , Советот на општината го избира и го разрешува Советот на млади .

Советот на млади од своите редови избира претседател и заменик , согласно Деловникот за работа на Советот на младите .

**Член 44-д**

Членовите на Советот на млади се избира на четири години .

Советот на општината може да разреши член на Советот на млади и пред истекот на мандатот на лично барање , ако наполни 30 години живот , ако отсуствува од

седниците на Советот на млади и ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

**Член 44-ѓ**

Советот на млади одржува редовни седници по потреба , но најмалку еднаш во три месеци.

Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Советот на млади.

Претседателот на Советот е должен да свика вонредна седница на Советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на Советот на млади .

Советот на млади ги донесува одлуките од мнозинството гласови ако на седницата присуствувале мнозинство од вкупно избраните членови на Советот на младите.

Начинот на работа на Советот на млади поблиску се утврдува со Деловникот за работа на Советот на младите.

Советот на млади може да формира постојани и повремени тела за потесни кругови на делување , на организирање на форуми , трибини и работилници за поедини возрасни групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

**Член 44-е**

Советот на млади донесува програма за работа на Советот на млади и ја доставува до Советот на општината за секоја календарска година.

Програмата ги содржи следните активности:

- учество во креирањето и пратење на локалната програма за работа на младите.
- Соработка со другите советодавни тела во Република Македонија и странство.
- Консултирање со организацијата на младите за теми значањи за младите.
- Соработка со телата во општината во политиката кон младите.

Програмата содржи и останати активности значајни за работата на Советот на млади и подобрување на положбата на младите.

Програмата за работа на Советот на млади ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на Советот на младите.

Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на младите најкасно до 30 ноември во тековната година, за наредната година.

**Член 3**

Се задолжува статутарно правната комисја да изработи пречистен текст на Статутот на општина Македонски Брод

**Член 4**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила веднаш со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр.07- 889 /27**
**27.11.2014 година**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Статутарна Одлука за измена и дополна на статутот на Општина-Македонски Брод**

Се прогласува **Статутарна Одлука за измена и дополна на статутот на Општина-Македонски Брод** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.11.2014 година.

**Бр.08- 889/27/1**
**04.12.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (“Службен весник на Република Македониа” бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а во врска со член 20 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/2009 и 188/2013)и Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси („Службен весник на Република Македонија“ бр.147/10 и 34/11), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесе

# ПРАВИЛНИК

# ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ ВНАТРЕШНА РАСПРЕДЕЛБА НА ВКУПНИОТ ОДОБРЕН БУЏЕТ, ПРЕЗЕМАЊЕ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ И ИЗВРШУВАЊЕ ПЛАЌАЊА ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

## 1. Вовед

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на процесот на внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет, процесот на преземање на финансиски обврски и процесот на плаќање.

## 2. Процес на внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет

Член 2

Внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет се спроведува преку решението за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет (во понатамошниот текст: решението) кое го подготвува раководителот на Одделението за финансиски прашања, го одобрува секретарот на општината или лице овластено од градоначалникот, а се донесува најдоцна до 10 јануари во тековната година.

Член 3

Во случај на измени и дополнувања на буџетот на општината се донесува ново решение во кое покрај претходно утврдените износи се внесуваат и изменетите износи по програми и ставки во нова колона, кое во рок од 8 дена од денот на донесувањето се доставува до Министерството за финансии.

Член 4

Решението претставува финансиски план за трошење на вкупно одобрениот буџет на општината од Советот на Општина Македонски Брод.

Член 5

Решението ги содржи следните делови:

1. Нераспределен дел од буџетот, за чие трошење е одговорен градоначалникот;
2. Буџет наменет за заедничките расходи (плати, електрична енергија, греење, вода, тековно и инвестиционо одржување, заеднички стоки и услуги и др.) за чие трошење е одговорен секретарот или лице овластено од градоначалникот и
3. Буџет наменет за реализирање на политиките и проектите, за чие трошење се одговорни раководителите на организационите единици.

Член 6

Образецот на решението за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет е составен дел на овој правилник.

**Процес на преземање на финансиски обврски**

Член 7

Преземањето на финансиски обврски го спроведуваат назначените лица овластени со решение за генерално или посебно овластување за преземање на финансиски обврски.

Член 8

Преземање на финансиски обврски се врши со:

- со склучување на писмен договор за: купување, лизинг и изнајмување потпишан од овластеното лице за преземање на финансиски обврски и градоначалникот согласно посебно решение на градоначалникот за утврдување на износот на финансиската обврска.
- со акт на надлежниот орган донесен согласно закон со кој се даваат субвенции, дотации, парична помош, заеми или гаранции на трета страна и учество во акционерски капитал
- со писмена нарачка и писмена потврда на нарачката од добавувачот со кои се вршат мали набавки на стоки и услуги

Член 9

Преземените финансиските обврски спротивно на овој правилник, како и преземените финансиските обврски усно или преку електронска пошта немаат правно дејство.

Член 10

Доколку временската разлика помеѓу денот на настанување и денот на плаќањето на финансиската обврска е подолга од 15 дена, лицето овластено за преземање на финансиска обврска кон фактурата/ситуацијата за плаќање ја приложува неопходната документацијата (договорот, анексот на договорот и др.) со која е утврден подолг рок за плаќање.

Член 11

Финансиските обврски од член 7 од овој правилник, раководителот на одделението за сметководство и плаќање ќе ги евидентира во финансискиот сметководствен систем на начин кој ќе овозможи овластеното лице за плаќање да биде свесно за денот на плаќање, а лицето овластено за преземање на финансиски обврски за непотрошениот дел од буџетот со кој располага.

Член 12

Лицето овластено за преземање на финансиски обврски е одговорно за регуларно, ефикасно, ефективно и економично трошење на неговиот буџет.

Член 13

Лицето овластено за преземање на финансиски обврски ги презема финансиските обврски во име на раководителот на субјектот при што:

- не треба да преземе финансиски обврски за кои во буџетот не се планирани средства или истите се недоволни и
- не треба да води сметководствена евиденција за финансиските обврски

Член 14

Раководителот на Одделението за финансиски прашања и благајникот не преземаат финансиски обврски, а лицата овластени за преземање на финансиски обврски не спроведуваат плаќања.

**Процес на плаќање**

Член 15

Процесот на плаќање претставува издавање наредба за плаќање со потпишување налог за плаќање од овластено лице за плаќање и градоначалникот, согласно посебно решение на градоначалникот за утврдување на износите ,освен во случаи кога градоначалникот е единствен потписник на договорот и кога се плаќа со средства од нераспределениот дел од решението за распределба на вкупно одобрениот буџет по претходно добиено барање за плаќање од лицето овластено за преземање на финансиски обврски.

Член 16

Плаќањата од трезорските и други сметки ги спроведува раководителот на Одделението за финансиски прашања, а плаќањата во готово ги спроведува благајникот, кој е хиерархиски независен од раководителот на Одделението за финансиски прашања (односно овластеното лице за плаќање) и лицата овластени за преземање на финансиски обврски.

Член 17

Овластено лице за плаќање е раководителот на единицата за финансиски прашања.

Член 18

Налогот за плаќање од член 15 од овој правилник, се доставува до Трезорот во Министерството за финансии за извршување на плаќањето.

Член 19

Во случај на склучен писмен договор за купување, лизинг и изнајмување, лицето за преземање на финансиски обврски кон барањето за плаќање доставува: договор за набавка, фактура/ситуација, документ за потврдување на приемот и пополнета листа за проверка (чек листа) која е составен дел на овој правилник.

Член 20

Во случај кога со акт на надлежниот орган (донесен согласно закон) се дава субвенција, дотација, парична помош, заем или гаранција на трета страна и учество во акционерски капитал, лицето за преземање на финансиски обврски кон барањето за плаќање доставува: Акт за преземена финансиска обврска (пример решение на градоначалникот) и пополнета листа за проверка (чек листа) која е составен дел на овој правилник.

Член 21

Раководителот на единицата за финансиски прашања, односно овластеното лице за плаќање го одбива барањето за плаќање доколку истото не ги содржи потребните елементи согласно овој правилник.

Член 22

Раководителот на единицата за финансиски прашања, односно овластеното лице за плаќање во случај на авансно плаќање врши проверка дали условите за плаќање се исполнети.

Член 23

Раководителот на единицата за финансиски прашања, односно овластеното лице за плаќање не дава аванси на трета страна со единствена цел да се потроши буџетот за тековната година, наместо истите да се исплатат од буџетот за наредната година.

Член 24

Раководителот на единицата за финансиски прашања плаќањето го врши:

- во случај на набавка во рокот утврден со договорот потпишан од овластеното лице за преземање на финансиски обврски.
- во случај кога рокот за плаќање не е утврден во договорот во рокот утврден во фактурата од добавувачот доколку истиот не е пократок од рокот за плаќање утврден со закон.
- во случај на плаќање субвенции, дотации, парична помош, заеми или гаранции на трета страна и учество во акционерски капитал, во рокот за плаќање утврден од лицето овластено за преземање на финансиски обврски.

Член 25

Раководителот на единицата за финансиски прашања, односно овластеното лице за плаќање се грижи за навремено, точно и целосно евидентирање на плаќањата во финансиското сметководство.

Член 26

Раководителот на единицата за финансиски прашања не презема финансиски обврски, не води сметководствена евиденција на финансиските обврски и не спроведува финансиска ревизија на обврските и на процесот на плаќање.

Член 27

Овластеното лице за преземање на финансиски обврски од градоначалникот не потпишува налог за плаќање.

Член 28

Благајникот не презема финансиски обврски, не одобрува плаќање на финансиски обврски, не води сметководствена евиденција на финансиските обврски и не спроведува финансиска ревизија на обврските и на процесот на плаќање.

Член 29

Овој правилник ќе биде објавен во" Службен гласник" на Општина Македонски Брод и влегува во сила во рок од 8 (осум)дена од објавувањето.

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

**Прилог 1**

Врз основа на член 4, став 2 од Правилникот за начинот за спроведување на општите финансиски процеси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/10 и 34/11) Градоначалникот донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ВНАТРЕШНА РАСПРЕДЕЛБА НА ВКУПНИОТ ОДОБРЕН БУЏЕТ ЗА 20__ ГОДИНА ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

**Член 1**

Вкупниот одобрен буџет за 20__ година се распределува на следните делови:

| Р.бр. | Опис на деловите на буџетот | Број на ставка | Максимален износ |
|---|---|---|---|
| 1. | Вкупно одобрен буџет | | |
| 2. | Нераспределен дел од буџетот | | |
| 2.1 | Програма за ....... | | |
| 2.2 | Име на ставката | | |
| 2.3 | ............... | ......... | ......... |
| 3. | Буџет наменет за заедничките расходи на субјектот | | |
| 3.1 | Програма | | |
| 3.2 | Име на ставката | | |
| 3.3 | ............... | ......... | ......... |
| 4. | Буџет наменет за реализирање на политиките и проектите | | |
| 4.1 | (Име на организационата единица) | | |
| 4.2 | Име на ставката | | |
| 4.3 | ............... | ......... | ......... |

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 05 -26 / 7

27.11.2014 год

ГРАДОНАЧАЛНИК ,

Милосим Војнески  с.р.

(М.П)

Изготвил: _____________, вработен во одделението за финансиски прашања

Контролирал: _____________, Раководител на одделението за финансиски прашања

Одобрил: _____________ секретар/лице овластено од раководителот на субјектот

**Прилог 2**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ЗА ПРЕЗЕМАНА ФИНАНСИСКА ОБВРСКА ЗА СТОКИ И УСЛУГИ (ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО ЗА ПЛАЌАЊЕ)**

___________________________________

**(организациона единица)**

- ДОБАВУВАЧ :
  (име на правното или физичкото лице добавувач - фирма и седиште, поштенски фах)
  ___________________________________________________________

- Одговорно лице кај добавувачот (име и презиме на одговорното лице кај правните лица)
  (За физичките лица: име и презиме, домашна адреса, датум на раѓање, деловно седиште)
  ___________________________________________________________

- Износ на средствата:
  кои треба да бидат платени ___________________________ денари

- Договор/нарачка за _________________________
  (Име на договорот и предмет на набавката )

- Број на договор/нарачка ___________ од ______________20__ година
- Анекс на договорот/нарачката ___________ од __________20__година

- Средствата се обезбедени на раздел______,
  програма ________ ставка _______
  во буџетот за 20__ година — да — не

- Цените на стоките/ услугите се
  согласно договорот односно нарачката — да — не

- Количината на примените стоките/услуги се согласно
  договорот/нарачката — да — не

- Квалитетот на примените стоките/услуги се согласно
  договорот/нарачката — да — не

- Вкупниот и поединечните износи се согласно
  договорот/нарачката — да — не

................
(во зависност од проценката на ризиците можни се и други прашања)

- Забелешка :

___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
__________

Во Општина Македонски Брод , на ден _____________20__ година

Изготвил: _____________ (име и презиме и потпис)
Контролирал: ___________ (име и презиме и потпис)

ОДОБРИЛ

_______________________________________
(име,презиме и звање на лицето овластено за преземање на финансиски обврски)

**Службен гласник број 11 од 04.12.2014 година Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А

Одлука за основање на Јавно претпријатие „Комунална хигиена“- Македонски Брод ...........................................................................................................................стр.2

Заклучок за прогласување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие „Комунална хигиена“- Македонски Брод ........................................................................стр.5

Одлука за употреба на останата нафта од донираните 7000 литри за чистење на каналот Лоштица............................................................................................................стр.6

Заклучок за прогласување на Одлуката за употреба на останата нафта од донираните 7000 литри за чистење на каналот Лоштица.........................................................................стр.7

Заклучок за усвојување на Годишна Програма на ОУ Дом на култура – Македонски Брод за 2015 година .............................................................................................стр.8

Одлука за утврдување на надоместокот за членовите на ОИК и ИО за локалните избори во 2013 година ...........................................................................................стр.9

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на надоместокот за членовите на ОИК и ИО за локалните избори во 2013 година .....................................стр.11

Одлука за донесување на Локална урбанистичка планска документација ........стр.12

Заклучок за прогласување на Одлуката за донесување на Локална урбанистичка планска документација ...........................................................................................стр.13

Одлука за основање на Совет на млади на општина Македонски Брод .........................................................................................................................стр.14

Заклучок за прогласување на Одлуката за основање на Совет на млади на општина Македонски Брод ..........................................................................................................стр.17

Одлука за измена и дополна на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2014 година ..........................................................................стр.18

Заклучок за прогласување на Одлуката за измена и дополна на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2014 година .........................................................................................................................стр.19

Програма за одржување на јавна чистота во Општина Македонски Брод за 2015 година ..........................................................................................................................стр.20

Заклучок за прогласување на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Македонски Брод за 2015 година ............................................................стр.26

Програма за зимско одржување на улици и локални патишта во Општина Македонски Брод за 2015 година ........................................................................стр.27

Заклучок за прогласување на Програмата за зимско одржување на улици и локални патишта во Општина Македонски Брод за 2015 година ...............................................стр.32

Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2015 година ...................................................стр.33

Заклучок за прогласување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2015 година .................................................................................................................стр.38

Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање наи одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2015 година .....................................................................................................стр.39

Заклучок за прогласување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање наи одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2015 година ...................................................................стр.44

Програма за заштита на животна средина и природата во Општина Македонски Брод за 2015 година ..........................................................................................стр.45

Заклучок за прогласување на Програмата за заштита на животна средина и природата во Општина Македонски Брод за 2015 година ............................................стр.49

Програма за развој на културата и спорт во Општина Македонски Брод за 2015 година ..........................................................................................................стр.50

Заклучок за прогласување на Програмата за развој на културата и спорт во Општина Македонски Брод за 2015 година ...................................................................стр.54

Програма за локален економски развој на Општина Македонски Брод за 2015 година ..........................................................................................................стр.55

Заклучок за прогласување на Програма за локален економски развој на Општина Македонски Брод за 2015 година .......................................................................стр.62

Програма за развој на туризмот во Општина Македонски Брод за 2015 година .................................................................................................................стр.63

Заклучок за прогласување на Програмата за развој на туризмот во Општина Македонски Брод за 2015 година ...........................................................................стр.67

Програма за социјална заштита во Општина Македонски Брод за 2015 година ..................................................................................................................стр.68

Заклучок за прогласување на Програмата за социјална заштита во Општина Македонски Брод за 2015 година ...........................................................................стр.75

Програма за управување со отпад во Општина Македонски Брод за 2015 година ..................................................................................................................стр.76

Заклучок за прогласување на Програмата за управување со отпад во Општина Македонски Брод за 2015 година ...........................................................................стр.81

Програма за унапредување на родова рамноправност на локално ниво во Општина Македонски Брод за 2015 година ...........................................................................стр.82

Заклучок за прогласување на Програмата за унапредување на родова рамноправност на локално ниво во Општина Македонски Брод за 2015 година...........стр.84

Програма за одбележување годишнини на значајни настани и личности за 2015 година во Општина Македонски Брод ...................................................................стр.85

Заклучок за прогласување на Програмама за одбележување годишнини на значајни настани и личности за 2015 година во Општина Македонски Брод ..............................стр.89

Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2015 година ..................................................................................................................стр.90

Заклучок за прогласување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2015 година.....................................................................................................стр.95

Програма за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2015 година ...................................................................................................стр.96

Заклучок за прогласување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општина Македонски Брод за 2015 година .........................................стр.102

Одлука за изменување на Одлуката за одредување на приоритетни проекти за реализација во рамките на проектот„Водоснабдување и одведување на отпадни води“ согласно со договорот за заем склучен помеѓу Европска Инвестициона Банка и Владата на РМ..........................................................................................................стр.103

Заклучок за прогласување на Одлуката за изменување на Одлуката за одредување на приоритетни проекти за реализација во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ согласно со договорот за заем склучен помеѓу Европска Инвестициона Банка и Владата на РМ........................................................................стр.105

Одлука за отстапување на движни ствари на ЗЛД„Песјак„-Македонски Брод. ........................................................................................................................стр.106

Заклучок за пропгласување на Одлуката за отстапување на движни ствари на ЗЛД„Песјак„-Македонски Брод..............................................................................стр.107

Одлука за тампонирање на дел од тротоар на ул.„Партизанска“ –Македонскии Брод.........................................................................................................................стр.108

Заклучок за прогласување на Одлуката за тампонирање на дел од тротоар на ул.„Партизанска“ –Македонскии Брод....................................................................стр.109

Одлука за набавка и поставување на вратила (улична теретана) во Македонски Брод и Самоков...........................................................................................................стр.110

Заклучок за прогласување на Одлуката за набавка и поставување на вратила (улична теретана ) во Македонски Брод и Самоков......................................................стр.111

Статутарна Одлука за измена на Статутот на општина Македонски Брод ......стр.112

Заклучок за прогласување на Статутарна Одлука за измена на Статутот на општина Македонски Брод ..........................................................................................................стр.116

Правилник за спроведување на внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет, превземање финансиски обврски и извршување плаќања во општина Македонски Брод.........................................................................................................................стр.117